Вкупно остварените приходи по овој основ изнесуваат 66.387.240 ден. при што Приходи по основ на данок на наследство и подарок изнесуваат 2.302.875 ден ,додека Данокот на промет на недвижности и права е остварен во износ од 64.084.365 ден

Стапката на Данок на промет на недвижности и права изнесува 3% од пазарната вредност и истата е објавена во Службен гласник на Општина Кавадарци број 12,

Стапките на данок на наследство и подарок се пропорционални во зависност од наследниот ред и тоа од прв наследен ред 0% , од втор наследен ред 3% и од трет наследен ред или не е во сродство се пресметува стапка од 5%.

**<u>3.Даноци на специфични услуги</u>** се реализирани на износ од 77.251.197 ден, кои опфаќаат комунални такси за истакнати фирми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунални такси и надоместоци:

3.1.Комунална такса за привремен престој е остварена во износ од 76.936 ден.

3.2.Комунална такса за истакнување на фирма односно назив на деловна просторија-Вкупно остварен приход во 2019 година износ од 8,772,669 ден., Облогот за 2019 година по основ на издадени Решенија на 2424 обврзници за Фирмарина односно назив на деловна просторија изнесува 13.348.000 ден.

3.3.Комунална такса за користење на улици со возила, а се плаќа при регистрација на истите е остварена во износ од 5.987.540 ден.

3.4.Комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување е остварена во износ од 28.941.508 ден.

3.5.Комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејноста – Во 2019 година врз основа на издадени решенија на правни и физички лица од кои е остварен приход во износ од 2.378.568 ден.

3.6.Комунална такса за користење на плоштад и друг простор за изложување односно Комунална такса за користење на простор за Есенскиот панацур,Тиквешки гроздобер,Осми Март,Св.Трифун и сл.остварен е приход во износ од 1.943.600 ден.

3.7.Комунална такса за користење на простор за паркирање е остварена во износ од 514.750 ден.

3.8.Надоместот за уредување на градежноземјиште реализиран е Вкупен приход од 23.360.669 ден

3.9.Камата за ненавремено плаќање на .Комунални такси е реализирана на вкупен износ од 274.957 ден.

**4.Такси за користење или дозволи за вршење на дејноста** –Вкупно остварен приход во износ од 14.875.823 ден. од кои Надомест за добивање на лиценци за ноќен бар износ од 230.690 ден. , Надоместок за еколошки дозвола износ од 72.651 ден.,Надомест за управување со отпад износ од 21.525 ден и Надомест одржување на јавна чистота износ од 14.551.038 ден.

## Б.Неданочни приходи

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:
- Претприемачки приход и приход од имот
- Глоби,Судски и Административни такси
- Такси и надоместоци
- Други владини услуги
- Други неданочни приходи

| Опис | Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Претприемачки приход и приход од имот | 103,740,000 | 28,850,648 | 0 |
| Глоби,Судски и Административни такси | 1,101,000 | 1,055,492 | 1,256,561 |
| Такси и надоместоци | 474,000 | 510,387 | 564,566 |
| Други неданочни приходи | 3,427,000 | 4,128,896 | 8,387,835 |
| | **5,002,000** | **5,694,775** | **10,208,962** |

Општината Кавадарци остварува неданочни приходи по основ на:

– Глоби судски и административни такси што опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општините;
– Такси и надоместоци што се однесуваат на приходи од закупнина од објекти во сопственост на Општината
– Други владини услуги што опфаќаат приходи од изработка на просторни и урбанистички планови,и
– Други неданочни приходи односно приходи од наплатен надомест за користење тезги,дел од Надоместот за каско осигурување и останати неданочни приходи.

## В.Капитални приходи

Капиталните приходи се остварени во износ од 21.833.416 денари и тоа по следните основи:

- Приходи од продажба на неизградено градежно семјиште во Сопственост на РС Македонија износ од 5.007.226 ден.
- Приходи од закуп на земјоделско земјиштево сопственост на државата износ од 5.013.648 ден
- Надомест за детални геолошки истражувања износ од 0,00 ден.
- Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор износ од 795.658 и по основ на суровина во износ од 4.498445 ден.
- Приходи од надомест за долготраен закуп во износ од 72.708 ден
- Надомест за легализација на бесправно изградени објекти износ од 6.447.731 ден.

## Г.Трансфери и донации

Трансферите и донациите се остварени во износ од 67.645.188 ден. По основ на Трансфер од буџет на фондови износ од 7.029.741 ,Приходи од ДДВ во износ од 54.010.407 ден. и Пренесен вишок на приходи од 2018 износ од 6.505.040 ден

## ТЕКОВНИ РАСХОДИ

### Плати и надоместоци

Средствата за плати и надоместоци се остварени/извршени во Буџетот на Општина Кавадарци, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во РСМ., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:

- Основни плати;
- Надоместоци;
- Придонеси од плати и персонален данок

| Опис | Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Основни плати | 34,401,000 | 33,292,460 | 32,838,282 |
| Надоместоци | 5,239,000 | 5,167,301 | 4,747,762 |
| Придонеси за социјално осигурување | 12,959,000 | 12,672,923 | 12,020,492 |
| | **52,599,000** | **51,132,684** | **49,606,536** |

### Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се остварени/извршени во Буџетот на општина Кавадарци, согласно одредбите од Законот за буџетите/Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Одлуката за извршување на буџетот на општината и тоа по основ на Тековни резерви. За оваа намена во 2019 година има реализација во износ од 0,00 ден

### Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општината Кавадарци, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, сместување и споредните расходи за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;

- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: расходи за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за сервисирање на леки коли и други возила, расходи за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одружување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, членарини во домашни организации и други договорни услуги;
- други оперативни расходи, кои опфаќаат: репрезентација, расходи за одликувања, расходи за меѓународни спортски натпревари и други оперативни расходи.

| Опис | Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци | 992,000 | 660,022 | 811,682 |
| Комунални услуги | 16,860,000 | 13,422,613 | 15,520,584 |
| Материјали и Ситен инвентар | 8,238,000 | 7,241,106 | 6,809,802 |
| Поправки и Тековно одржување | 52,312,000 | 42,060,356 | 16,416,537 |
| Договорни услуги | 17,688,000 | 8,151,275 | 7,001,173 |
| Други тековни трошоци | 5,258,000 | 3,895,176 | 6,230,887 |
| Привремени вработувања | 22,306,000 | 16,276,901 | 10,068,599 |
| | **123,654,000** | **91,707,449** | **62,859,264** |

**Каматни плаќања**

Каматни плаќања кон домашни кредитори по основ на камата на кредит во 2019 година износ од 28.137 ден

**Субвенции и трансфери**

Субвенции и трансфери се остварени/извршени во 2019 година во износ од 42.815.108 ден по основ на тековни трансфери, кои опфаќаат:

- Трансфери до невладени организации кои опфаќаат: плаќања до хуманитарни организации, трансфери до спортски клубови,здруженија на граѓани и фондации,до месни заедници и др.непрофитни организации ;
- Разни трансфери кои опфаќаат плаќања по судски решенија,Трансфери за пензионирање на вработени во Општинската администрација и вработени во институциите под надлежност на Општината и Други трансфери-наменети за Празници и Манифестации од Општински карактер.

| Опис | Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Трансфери до невладини организации | 15,000,000 | 14,960,000 | 11,798,921 |
| Разни трансфери | 33,224,000 | 27,855,108 | 29,342,004 |
| | **48,224,000** | **42,815,108** | **41,140,925** |

## Социјални бенифиции

Социјални бенифиции остварени во 2019 година изнесуваат 3.919.354 ден и истите се остварени по основ на исплата на Социјални надоместоци наменети за помош на социјално загрозените семејства во вид на еднократна парична помош и парична помош за лекување,како и парична помош на семејствата за новородено дете.

## Капитални расходи

### Купување на капитални средства

Капиталните расходи се наменети за набавка на постојани средства и за истите се остварени/извршени во износ од 134.402.980 ден. средства од Буџетот на Општина Кавадарци, и тоа по следните основи:

- Купување на опрема и машини опфаќа трошоци за Купување на канцелариска опрема,информатичка и видео опрема,Опрема за греење и климатизација и друга опрема
- Градежни објекти опфаќа расходи за Подготовка на проекти за деловни објекти и реконструкција на истите
- Други градежни објекти опфаќа трошоци за Подготовка на проекти,Изградба и Реконструкција на улици и патишта,Изградба и реконструкција на прочистителни станици и колектори , Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување , Изградба и реконструкција на други објекти и Надзор над изградбата
- Купување на мебел опфаќа купување на канцелариски мебел и опрема и друга опрема
- Вложувања и нефинансиски средства опфаќа трошоци за Експропријација на одземен имот и
- Купување на возила опфаќа трошоци за купување на моторно возило

| Опис | Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Купување на опрема и машини | 9,306,000 | 14,146,080 | 7,159,673 |
| Градежни објекти | - | - | 131,160 |
| Други градежни објекти | 161,893,000 | 104,022,078 | 102,680,300 |
| Купување на мебел | - | - | 240,000 |
| Вложувања и Нефинансиски средства | 14,988,000 | 14,134,822 | 8,435,091 |
| Купување на возила | - | - | 2,549,999 |
| | **186,187,000** | **132,302,980** | **121,196,223** |

**Отплата на главница**

**Отплата на главен долг до други нивоа на власт**

Отплата на главница на долгорочни позајмување по основ на Заем гарантиран од Влада на РС Македонија по основ на достасани рати во 2019 година износ од 8.799.987 денари

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### АКТИВА

**Парични средства**

Паричните средства се проценети според номинален износ и ги опфаќаат паричните средства што се на сметката со состојба на 31.12.2019 година и изнесуваат 7.064.239 денари .

| Опис | 31 декември 2019 (тековна година) | 31 декември 2018 (претходна година) |
|---|---|---|
| Сметка | 7,064,239 | 6,698,119 |
| Благајна | - | - |
| | **7,064,239** | **6,698,119** |

**Краткорочни финансиски побарувања**

Краткорочните финансиски побарувања произлегуваат од ненаплатените побарувања од правни и физички лица во вкупен износ од 37.067.203 денари и ги опфаќаат следните ставки;

- Побарувања по основ на Данок на имот од правни лица износ од 4.847.127 ден.
- Побарувања по основ на Данок на имот од физички лица износ од 12.543.259 ден.
- Побарувања по основ на Комунална такса за истакнување на фирма износ од 18.582.843 ден.
- Побарување по основ на комунален надомест за бесправно изградени објекти-легализација износ од 208.876 ден.
- Побарувања од Министерства по основ на користење на Општинска зграда(Вода,Ѓубрарина,Струја) износ од 677.441 ден.
- Побарувања по основ на закупнини на општински имот износ од 207.656 ден.

**Активни временски разграничувања**

Активните временски разграничувања се однесуваат на други временски разграничувања на износ од 297.347 ден.

## ПАСИВА

### Финансиски и пресметковни односи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 257.195 денари и се резултат на пренесена обврска за ДДВ по фактури издадени во 2019 година.

### Пасивни временски разграничувања

Пасивните временски разграничувања се проценети на вкупен износ од 44.131.442 ден и се однесуваат на Дел од вишок на приходи пренесен во наредната година и Други временски разграничувања

| Опис | 31 декември 2019 (тековна година) | 31 декември 2018 (претходна година) |
|---|---|---|
| Дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година | 7,064,239 | 6,698,119 |
| Други пасивни временски разграничувања | 37,067,203 | 33,694,253 |
| | **44,131,442** | **40,392,372** |

## ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗАВРШНАТА СМЕТКА - ОРГАН НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### ПРИХОДИ

**Трансфери од други нивоа на власт**

Во Билансот на приходи и расходи на Органот на Општина Кавадарци во 2019 година се искажани приходи во износ од 324.717.364 денари (2018 – 271.840.781 илјади денари/претходна година), кои претставуваат трансферирани средства од Буџетот на Општината за финансирање на: платите на вработените во општинската администрација, надоместоците на членовите на Советот на Општината, набавката на стоки и услуги, разни трансфери, социјални бенефиции, за капитални расходи за комунална изградба,комунални дејности и и за урбанистичко планирање и уредување на просторот.

### ТЕКОВНИ РАСХОДИ

**Плати и надоместоци**

Средствата за плати и надоместоци се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во РСМ., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:

| Опис | Дотирано во Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Основни плати | 33,292,460 | 33,292,460 | 32,838,282 |
| Придонеси за социјално осигурување | 12,672,923 | 12,672,923 | 12,020,492 |
| Надоместоци | 5,167,301 | 5,167,301 | 4,747,762 |
| | **51,132,684** | **51,132,684** | **49,606,536** |

Средствата исплатени за плати и надоместоци се однесуваат на:

- Основни плати на градоначалникот, државните службеници и други вработени во општинската администрација;
- Надоместоци на членовите на советот (присуство на седници);
- Персонален данок на доход од плата, и
- Придонеси од плати за социјално осигурување кое ги содржи придонесите за Пензискиот фонд, Фондот за здравство, Агенцијата за вработување и останати придонеси од плати.

**Резерви и недефинирани расходи**

Од издвоените средства за тековна резерва во Буџетот на Општина Кавадарци, во 2019 година се извршени 0,00 денари .

## Стоки и други услуги

Средствата исплатени за стоки и други услуги се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци во износ од 86.866.644 ден и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, сместување и споредните расходи за време на службен пат во земјата и странство
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: расходи за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за сервисирање на лесни возила и други возила, расходи за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одружување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, членарини во домашни организации и други договорни услуги;
- други оперативни трошоци.

| Опис | Дотирано во Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци | | 587,992 | 730,364 |
| Комунални услуги,Греење,Комун.транспорт | | 13,171,950 | 13,962,246 |
| Материјали и Ситен инвентар | | 6,885,045 | 6,238,668 |
| Поправки и Тековно одржување | | 41,983,134 | 16,230,323 |
| Договорни услуги | | 7,592,395 | 6,027,244 |
| Други тековни расходи | | 3,318,384 | 5,737,975 |
| Привремени вработувања | | 13,327,744 | 8,392,089 |
| | **-** | **86,866,644** | **57,318,909** |

## Каматни плаќања

Направените расходи во 2019 година во износ од 28.137 денари преку ставката камата на кредити по основ на Заем МСПИ

## Субвенции и трансфери

Направените расходи во 2019 година во износ од 42.382.720 денари преку ставката субвенции и трансфери се однесуваат на трансфер на средства до здруженија на граѓани и фондации,до месни заедници , до невладини организации,до спортски клубови и сојузи и др.невладини организации

| Опис | Дотирано во Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Трансфери до невладини организации | 14,960,000 | 14,960,000 | 11,798,921 |
| Разни трансфери | 27,422,720 | 27,422,720 | 29,332,459 |
| | **42,382,720** | **42,382,720** | **41,131,380** |

**Социјални бенифиции**

Преку позицијата социјални надоместоци се исплатени средства во износ од 3.919.354 денари по основ Социјални надоместоци за помош социјално загрозените семејства и еднократна парична помош на семејствата за новородено дете.

**Капитални расходи**

Капиталните расходи се реализирани во износ од 131.587.838 ден., а се наменети за набавка на постојани средства и за истите се обезбедени средства од Буџетот на општина Кавадарци согласно одредбите од Законот за буџетите, и тоа по следните основи:

- Купување на опрема и машини опфаќа трошоци за Купување на канцelариска опрема,информатичка и видео опрема,Опрема за греење и климатизација и друга опрема
- Градежни објекти опфаќа расходи за Подготовка на проекти за деловни објекти и реконструкција на истите
- Други градежни објекти опфаќа трошоци за Подготовка на проекти,Изградба и Реконструкција на улици и патишта,Изградба и реконструкција на прочистителни станици и колектори , Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување , Изградба и реконструкција на други објекти и Надзор над изградбата
- Вложувања и нефинансиски средства опфаќа трошоци за Експропријација на одземен имот.
- Купување на возила опфаќа трошоци за купување на моторни возила.

| Опис | Дотирано во Буџет 2019 (тековна година) | Извршено 2019 (тековна година) | Извршено 2018 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Купување на опрема и машини | 12,246,080 | 12,246,080 | 6,814,051 |
| Градежни објекти | | | 131,160 |
| Други градежни објекти | 103,303,400 | 103,303,400 | 102,680,300 |
| Купување на мебел | | | - |
| Вложувања и нефинансиски средства | 14,038,358 | 14,038,358 | 8,347,365 |
| Купување на возила | | | 2,549,999 |
| | **129,587,838** | **129,587,838** | **120,522,875** |

**Отплата на главница**

**Отплата на главен долг до други нивоа на власт**

Отплата на главница на долгорочни позајмување по основ на Заем гарантиран од Влада на РС Македонија за достасани две рати во 2019 година износ од 8.799.987 денари

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
### АКТИВА

### ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА
**Нематерјали средства**

Нематерјалните средства во Општина Кавадарци се евидентирани по книговодствена вредност од 10.589.214 ден и се однесуваат на Набавен софтвер за патен сообраќај и инспекција.Канцелариско и архивско работење ,компјутерски лиценецирана софтвер и друг софтвер

**Матерјални добра и природни богатства**

Матерјалните добра и природните богатства во Општина Кавадарци се на износ од 139.407.056 ден а се однесуваат на Земјиште сопственост на Општина Кавадарци во износ од 1.859.454 ден и Градежно земјиште покрај објекти во износ од 137.547.592 ден. На овие средства не се пресметува амортизација.

**Материјални средства**

Материјалните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| ОПИС | **Применети стапки во 2019** |
|---|---|
| Згради и други Градежни објекти од бетон | 1 % |
| Останати градежни објекти | 10 % |
| Згради и останати градби од метал | 3 % |
| Згради и останати градби од дрво и др.матерјал | 4 % |
| Горни слоеви на улици патишта,плоштади | 3 % |
| Автобуси и Патнички автомобили | 15 % |
| Џупови и комби возила | 25 % |
| Специјален и универзален алат и опрема- | 20 % |
| Електронски | 12 % |
| Специјален и универзален алат и опрема- | 16 % |
| Останати | 12 % |
| Клима уреди и опрема за вентилација | 12 % |
| Парни котли,печки и опрема за затоплување | 10 % |
| Канцелариски мебел од дрво | 20 % |
| Канцелариски мебел-останато | 20 % |
| Канцелариска опрема –Компјутери | 16 % |
| Опрема за снимање и умножување-Принтери | 14 % |
| Сефови и Каси | 10 % |
| Диктафон,Музичка опрема,ТВ | 15 % |
| ,Тел.Централи,Телефони | 12 % |
| Останата Опрема | 14 % |
| Противпожарни Возила | 20 % |
| Опрема и прибор за ПП заштита | |
| Останата ПП опрема | |
| Софтвер | |

Состојбата и промените на материјалните средства во 2019 година се прикажани аналитички по групи во табелата во продолжение на Образложенијата на овој извештај.

| Опис | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност:** | | | |
| **Состојба на 01.01.2019:** | **1,445,665,009** | **105,526,633** | **1,551,191,642** |
| Набавки во текот на годината | 165,761,336 | 41,906,247 | **207,667,583** |
| **Вкупни зголемувања:** | **165,761,336** | **41,906,247** | **207,667,583** |
| Расходување | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно намалување:** | **0** | **0** | **0** |
| **Состојба на 31.12.2019** | **1,611,426,345** | **147,432,880** | **1,758,859,225** |
| **Исправка на вредност:** | | | |
| **Состојба на 01.01.2019:** | **79,511,047** | **44,803,738** | 124,314,785 |
| Амортизација за тековна година | 22,475,779 | 29,352,547 | 51,828,326 |
| Расходи и отуѓување | 0 | 0 | 0 |
| **Состојба на 31.12.2019** | **101,986,826** | **74,156,285** | **176,143,111** |
| **Неотпишана вредност на 31.12.2019** | **1,509,439,519** | **73,276,595** | **1,582,716,114** |
| **Неотпишана вредност на 31.12.2018:** | **1,366,153,962** | **60,722,895** | **1,426,876,857** |

**Матерјални средства во подготовка**

Матерјалните средства во подготовка се проценети на износ од 0,00 ден и се однесуваат на објекти кои се во тек на изградба или за истите е потребен технички прием за да бидат ставени во употреба.Овие средства се евидентираат по набавна вредност и на истите не се пресметува Амортизација до моментот на нивно ставање во употреба.

**Побарувања од вработени**

Побарувања од вработени се проценети на износ од 82.055 ден а се однесуваат на побарувања од вработените за патарини за задолжени а непотрошени средства за електронска наплата-ТАГ.

**Активни временски разграничувања**

Активните временски разграничувања се однесуваат на неизмирените обврски спрема добавувачите за пристигнати фактури/времени ситуации за месец декември 2019 година, во вкупен износ од 75.265.764 илјади денари

**Матрејали,резервни делови и ситен инвентар**

Залихите на матерјали се однесуваат на Залихи на Канцелариски матерјал и Залихи на електроматерјали со состојба на 31.12.2019 година во Вкупен износ од 1.847.074 ден

## ПАСИВА

**Краткорочни обврски спрема добавувачи во земјата**

Оваа позиција е проценета во износ од 71.071.453 денари во 2019 година и се однесуваат на следните обврски;

- Обврски кон добавувачите во земјата износ од 49.082.734 ден.
- Обврски за плати и други надоместоци износ од 4.194.311 ден
- Обврски по основ на отплата на кредит износ од 21.988.658

**Пасивни временски разграничувања**

Пасивни временски разграничувања се книговодствено пресметковна категорија и истите се проценети на износ од 82.055 ден

**Извори на капитални средства**

Капиталот/изворите на средствата ги опфаќаат изворите на капиталните средства и тоа сегашната вредноста на Градежните објекти и Опремата сопственост на Општина Кавадарци како и вредноста на останат капитал односно Злихите на матерјали

Капиталот/Изворите на средства за 2019 година е проценета според сегашната-номинална вредност во вкупен износ од 1.735.191.152 денари и се состо-јат од:

**1.Државен-Јавен капитал по сегашна вредност во износ од 1.733.344.078 ден** и тоа:

- Нематерјални издатоци во износ од 5.318.476 ден
- Матерјални добра и природни богатства износ од 139.407.056 ден
- Матерјални средства во износ од 1.588.618.546 ден кои се состојат од Градежни објекти во номинален износ од 1.509.739.519 ден ,Опрема во износ од 77.309.983 ден. и Други матерјални средства во износ од 1.569.044 ден

**2.Останат капитал во износ од 1.847.074 ден**

-Залихи на матерјали во износ од 1.847.074 ден

### Вонбилансна Актива и Пасива

Вонбилансната евиденција на Активата и Пасивата се состои од вредноста на Водоводна,Атмосферска и канализациона мрежа во Општината изградена од Општина Кавадарци во износ од 158.149.683 ден.

# ДЕЛ ВТОРИ

## *Извештај за реализација на наменските,блок дотации,самофинансирачките активности и средства од основниот општински буџет за делегирани надлежности на Општините*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАМЕНСКИ, БЛОК ДОТАЦИИ, САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ И СРЕДСТВА ОД ОСНОВНИОТ ОПШТИНСКИ БУЏЕТ ЗА ДЕЛЕГИРАНИ НАДЛЕЖНОСТИ

**БЛОК ДОТАЦИИ** во приходниот дел се реализирани во износ од 404.221.587,00 ден. а во расходниот дел во износ од 377.294.235,00 ден. Нереализираните средства во износ од 26.927.352,00 ден. се пренесуват како вишок на приходи во наредната година. Реализацијата на наменските средства е преку соодветните програм кои се финансираат од овие средства и тоа:

**1.Програма В1-Детска градинка**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 61.482.999,00 денари од кои 58.087.450,00 денари се Блок дотации додека 7.992.466,00 денари се пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 39.110.461,00 денари. Нереализираните средства во износ од 3.395.549,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 29.224.242,00 ден.
- Придонеси од плати во износ од 11.065.386,00 ден.
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 1.843.402,00 ден.
- Поправка и тековно одржување во износ од 1.749.534,00 ден.
- Договорни услуги во износ од 548.692,00,00 ден.
- Купување на опрема и машини во износ од 1.878.194,00 ден.
- Други градежни објекти во износ од 11.000.000,00 ден. и
- Купување на мебел во износ од 778.000,00 ден.

Детската градинка „Рада Поцева“ својата дејност – Згрижување на деца од предшколска возраст – ја обавува во осум објекти во кои се згрижени вкупно 1.248 деца. Вкупниот број на вработени лица изнесува 183 лица од кои 134 лица се на неопределено време во редовен работен, 1 лице со договор на дело додека 48 лице се ангажирани со договор за привремено вработување.

**Самофинансирачки активности**

Детската градинка покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи кои во 2019 година се реализирани во износ од 16.460.485,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 24.749.581,00 денари. Разликата помеѓу приходите и расходите во износ од 8.289.096,00 денари се покриваат од салдо од претходни години.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 79.680,00 денари,

- Комунални услуги,греење,комуникација и транспортни услуги во износ од 1.759.699,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 8.685.178,00 денари,
- Поправка и тековно одржување во износ од 1.512.244,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 665.490,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 254.598,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 225.012,00 денари
- Други градеЃни објекти во износ од 11.189.280 денари и
- Купување на мебел во износ од 378.400,00 денари.

**2.Програма К1-Култура-Библиотекарство**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 4.589.544,00 денари од кои 3.876.954,00 денари се Блок дотации додека 712.590,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 3.878.307,00 денари. Нереализираните средства во износ од 711.237,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 2.591.428,00 денари,
- Придонеси од плати во износ од 981.277,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 197.324,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 26.349,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 17.828,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 43.663,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 10.915,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 9.523,00 денари.

Библиотека “ Феткин” својата дејност ја обавува преку членување на 2.919 членови-читатели. Вкупниот број на вработени лица изнесува 9 лица а располага со книжен фонд од 95.531 библиотечни единици.

**Самофинансирачки активности**

Библиотека “Феткин” покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи кои во 2019 година се реализирани во износ од 432.294,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 490.990,00 денари. Разликата помеѓу приходите и расходите во износ од 58.696,00 денари се покриваат од салдо од претходни години.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 40.424,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспортни услуги во износ од 151.429,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 53.529,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 23.040,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 51.892,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 54.689,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 17.800,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 98.189,00 денари.

**Буџетски средства**

За финансирање на дејноста на Библиотека „Феткин“ свое учество има и Основниот Општински буџет во износ од 394.394,00 денари. Овие средства се потрошени дел за покривање на недостатокот на финансиски средства што се јавува кај Блок дотациите.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Патни и дневни расходи во износ од 13.360,00 денари,
- Комунални услуги во износ од 99.482,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 67.444,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 25.219,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 65.286,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 47.015,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 76.588,00 денари.

**3.Програма К2-Култура-Дом на култура**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 4.801.036,00 денари од кои 4.459.410,00 денари се Блок дотации додека 341.626,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 4.409.972,00 денари. Нереализираните средства во износ од 391.064,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 2.944.378,00 денари,
- Придонеси од плати во износ од 1.115.537,00 денари,

- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 203.769,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 74.919,00 денари,
- Поправка и тековно одржување во износ од 11.799,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 45.115,00 денари и
- Други тековни расходи во износ од 14.455,00 денари.

Домот на културата „Иван Мазов-Климе" својата дејност ја обавува преку организирање на повеќе културни настани во текот на годината. Вкупниот број на вработени лица изнесува вкупно 13 редовно вработени лица и 6 лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

**Самофинансирачки активности**

Домот на културата „Иван Мазов-Климе" покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи кои во 2019 година се реализирани во износ од 1.717.121,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 2.481.118,00 денари. Разликата помеѓу приходите и расходите во износ од 763.997,00 денари се покриваат од салдо од претходни години.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 87.895,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 463.191,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 394.636,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 23.296,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 764.177,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 615.625,00 денари и
- Купување на опрема и машини во износ од 132.298,00 денари.

**Буџетски средства**

За финансирање на дејноста на Домот на културата „Иван Мазов-Климе" свое учество има и Основниот Општински буџет во износ од 1.919.215,00 денари. Овие средства се потрошени за покривање на недостатокот на финансиски средства што се јавува кај Блок дотациите.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 102.556,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 175.124,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 52.003,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 344.989,00 денари,

- Други тековни расходи во износ од 287.657,00 денари и

- Привремени вработувања во износ од 956.886,00 денари.

**4.Програма К3-Култура-Музеј галерија**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 4.637.325,00 денари од кои 3.740.807,00 денари се Блок дотации додека 896.518,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 3.478.309,00 денари. Нереализираните средства во износ од 1.159.016,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 2.179.911,00 денари,

- Придонеси од плати во износ од 826.947,00 денари,

- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 168.098,00денари,

- Материјали и ситен инвентар во износ од 59.675,00 денари,

- Договорни услуги во износ од 77.222,00 денари,

- Други тековни расходи во износ од 38.429,00 денари и

- Разни трансфери во износ од 128.027,00 денари.

Музеј галеријата својата дејност ја обавува преку организирање на повеќе културни настани од обласста на ликовната уметност во текот на годината. Бројот на вработени во оваа институција изнесува вкупно 13 лица од кои 12 редовно вработени лица и 1 привремено ангажирано лице.

**Буџетски средства**

За финансирање на дејноста на Музеј галеријата свое учество има и Основниот Општински буџет во износ од 1.301.669,00 денари. Овие средства се потрошени за покривање на недостатокот на средсва што се јавува во Блок дотациите, авторски хонорари, печатење на книги, исплата на плати за дел од привремено вработените лица и дел од средствата се потрошени за обновување на информатичката опрема во Музеј Галеријата.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Патни и дневни расходи во износ од 9.670,00 денари,

- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт износ од 48.625,00 денари,

- Материјали и ситен инвентар во износ од 113.493,00 денари,

- Договорни услуги во износ од 148.605,00 денари,

- Други тековни расходи во износ од 122.676,00 денари,

- Привремени вработувања во износ од 581.952,00 денари,

- Разни трансфери во износ од 32.388,00 денари и

- Други градежни објекти во износ од 244.260,00 денари.

**5.Програма Н1-Основно образование**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 221.165.411,00 денари од кои 206.639.000,00 денари се Блок дотации додека 14.526.411,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 206.030.664,00 денари. Нереализираните средства во износ од 15.134.747,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 122.177.025,00 денари,

- Придонеси од плати во износ од 46.258.184,00 денари,

- Патни и дневни расходи во износ од 61.335,00 денари,

- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 10.742.519,00 денари,

- Материјали и ситен инвентар во износ од 2.921.438,00 денари,

- Поправки и тековно одржување во износ од 5.9.39.829,00 денари,

- Договорни услуги во износ од 4.648.811,00 денари,

- Други тековни расходи во износ од 1.003.982,00 денари,

- Разни трансфери во износ од 447.027,00 денари,

- Купување на опрема и машини во износ од 4.470.713,00 денари,

- Други градежни објекти во износ од 6.075.589,00 денари ,

- Купување на мебел во износ од 1.156.641,00 денари и

- Вложување и нефинансиски средства во износ од 127.571,00 денари.

Дејноста Основно образование се остварува преку шест основни општински училишта и едно музичко-балетско училиште каде што воспитно образовниот процес се реализира преку 456 вработени лица, педагози, психолози, дефектолози и друг помошен персонал.

**Самофинансирачки активности**

Основното образование покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи, кои во 2019 година се реализирани во износ од 1.501.814,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 1.506.914,00 денари. Разликата помеѓу приходите и расходите во износ од 5.100,00 денари се покриваат од салдо од претходни години.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 52.745,00 денари,
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 85.879,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 571.787,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 99.650,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 297.672,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 161.074,00 денари, .
- Разни трансфери во износ од 25.237,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 202.800,00 денари,
- Купување на мебел во износ од 4.220,00 денари и
- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 5.850,00 денари.

**Буџетски средства**

Во finansiraweto на Основните Општински Училишта свое учество има и Основниот Општински Буџет и тоа со средства во износ од 1.486.497,00 денари.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Патни и дневни расходи во износ од 49.000,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 119.444,00 денари,
- Привремени вработувања во износ од 918.053,00 денари и
- Разни трансфери во износ од 400.000,00 денари.

**Донации**

Основното образование располага и со приходи од донации. Овие средства се добиени од Национална агенција – Еразмус и истите се искористени за усовршување на наставниот кадар на основните училишта во странство. Во 2019 година вкупниот приход по основ на донации изнесува 453.483,00 денари. Износот во расходниот дел изнесува 8.165.848,00 денари. Разликата помеѓу приходите и расходите во износ од 7.712.365,00 денари се покриваат од салдо од претходни години. Овие средства се искористени од страна на наставниот кадар на ООУ Гоце Делчев и ООУ Димката Ангелов Габерот од с. Ваташа за организирање на студиски патувања во Романија, Исланд и Тенерифе, Шпанија, Франција, Италија, Португалија, Литванија и др. земји.

**6.Програма Н2-Средно образование**

**Блок дотации**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 96.741.125,00 денари од кои 92.770.000,00 денари се Блок дотации додека 3.971.125,00 денари се средства од Пренесен вишок од претходна година. Расходниот дел е реализирана во износ од 90.605.386,00 денари. Нереализираните средства во износ од 6.135.739,00 денари се пренесуват како вишок на приходи во наредната година.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 53.237.858,00 денари,
- Придонеси од плати во износ од 20.150.670,00 денари,
- Патни и дневни расходи во износ од 178.837,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 6.586.955,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 979.782,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 1.617.626,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 6.362.472,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 423.043,00 денари,
- Разни трансфери во износ од 38.000,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 60.000,00 денари
- Други градежни објекти во износ од 925.143,00 денари и
- Купување на мебел во износ од 45.000,00 денари.

Дејноста Средно образование се остварува преку три средни општински училишта каде што воспитно образовниот процес се реализира преку 184 вработени лица, педагози и помошен персонал.

**Самофинансирачки активности**

Средното образование покрај Блок дотациите располага и со сопствени приходи, кои во 2019 година се реализирани во износ од 5.315.009,00 денари, а во расходниот дел реализиран е износ од 5.462.309,00 денари. Разликата помеѓу приходите и расходите во износ од 147.300,00 денари се покриваат од салдо од претходни години.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Патни и дневни расходи во износ од 134.038,00 денари,
- Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт во износ од 307.974,00 денари,
- Материјали и ситен инвентар во износ од 501.427,00 денари,
- Поправки и тековно одржување во износ од 395.366,00 денари,
- Договорни услуги во износ од 3.057.969,00 денари,
- Други тековни расходи во износ од 667.912,00 денари,
- Купување на опрема и машини во износ од 262.152,00 денари,
- Други градежни објекти во износ од 86.360,00 денари,

- Купување на мебел во износ од 18.000,00 денари и

- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 31.111,00 денари.

**Буџетски средства**

Во финансирањето на Средните Општински Училишта свое учество има и Основниот Општински Буџет и тоа со средства во износ од 986.560,00 денари.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Привремени вработувања во износ од 492.266,00 денари,

- Други градежни објекти во износ од 474.418,00 денари и

- Вложувања и нефинансиски средства во износ од 19.876,00 денари.

Со средствата обезбедени од Основниот Општински Буџет средните општински училишта го покриваат недостатокот на средства што се јавува кај Блок Дотациите и тоа во делот на привремени вработувања и капитални расходи.

**Донации**

Средното образование располага и со приходи од донации. Овие средства се добиени од Национална агенција – Еразмус и истите се искористени за усовршување на наставниот кадар на средните училишта во странство. Во 2019 година вкупниот приход по основ на донации изнесува 7.341.904,00 денари додека износот во расходниот дел изнесува 6.537.270,00 денари. Вишокот на средства што се јавува во расходниот дел во износ од 804.634,00 денари се покриваат со вишокот на приходи пренесен од претходна година. Овие средства се искористени од страна на наставниот кадар и група на ученици од СОЗШУ Ѓорче Петров и Гимназијата Добри Даскалов за организирање на студиско патување во странство.

**7.Програма Ѕ0 – Противпожарна заштита**

**Наменска дотација**

Оваа програма во приходниот дел е реализирана во износ од 10.804.147,00 денари добиени средства, а во расходниот дел е реализиран истиот износ.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени за следниве намени:

- Основни плати и надоместоци во износ од 7.491.145,00 денари и

- Придонеси од плати во износ од 3.313.002,00 денари.

**Буџетски средства**

Во финансирањето на Единицата за противпожарна заштита свое учество има и Основниот Општински Буџет и тоа со средства во износ од 1.467.375,00 денари.

Реализираните средства во расходниот дел се потрошени на следниве ставки:

- Надоместоци во износ од 386.620,00 денари,

- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 122.281,00 денари,

- Материјал и ситен инвентар во износ од 581.735,00 денари,

- Поправки и тековно одржување во износ од 75.166,00 денари и

- Купување на опрема и машини во износ од 301.573,00 денари.

# ДЕЛ ТРЕТИ

## *Извештај за реализација на Програмски активности по одделните Сектори*

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе право на сопственост и на него да се востановат други стварно права.

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Кавадарци , дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2019 година.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Со годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Кавадарци.

Прибраните средства од надоместок за градежно земјиште согласно член 18 од Законот за градежно земјиште се распределуваат во сооднос 80% за Општина Кавадарци и 20% за Република Северна Македонија.

Одделението за располагање со градежно земјиште кое се состои од 3 службеници, во рамките на своите овластување и работни задачи континуирано спроведува постапки за отуѓување на градежно земјиште по пат на електронско јавно наддавање и редовни постапки по барање на странки по пат на непосредна спогодба како и постапки за добивање на трајно користење на Општина Кавадарци.

1.По основ на спроведени постапки за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање во текот на 2019 година беа реализирани односно отуѓени 6 градежни парцели со намена А2-колективно домување, Б1- мали комерцијални и деловни дејности и А1-индивидуално домување.

Прибрани средства по овој основ се:

-надоместок за градежно земјиште 4.901.949,оо денари
-трошоци на постапка 69.858,оо денари

2.По основ на спроведени постапки за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба во текот на 2019 година од вкупно 41 завршени се 36 постапки од кои 5 се во фаза на решавање и прибрани се средства по основ:

-надоместок на градежно земјиште 1.204.090,оо денари
-трошоци на постапка 25.000,оо денари

Севкупно средства по основ на надоместок за градежно земјиште прибрани се 6.106.039,оо денари.

Севкупно средства по основ трошоци на постапка прибрани се 94.858,оо денари.

Расходи за објавување на огласите за јавно наддавање за 2019 година во дневни весници изнесуваат 137.168,оо денари.

Исто така, во рамките на своето работење, а согласно Законот за градежно земјиште, Одделението за располагање со градежно земјиште за доделување на правото на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија пред Влада на Република Северна Македонија за реализација и изградба на објекти од јавен интерес (детски градинки,училишта, спортски сали и др.) има поведено 11 постапки од кои 6 се реализирани, 4 се одбиени и 1 запрена постапка.

**Изработил:**
**Рак. на одд. Дипл.прав. Гордана Тодороска-Сокаровска**
**Одобрил:**
**Рак. на сек. Дипл.инг. Елена Тасевски**

Бр._________
__________________
Кавадарци

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
М-р Митко Јанчев

# ИЗВЕШТАЈ

## за реализирани програмски активности во културата за 2019 година

Општина Кавадарци - Локална самоуправа активно учествува во создавањето и збогатувањето на културниот живот на грѓаните ,градењето на културните вредности и континуирана поддршка на културните институции, уметници и творци во културното претставување и изразување. Програмските активности во 2019 година беа раководени од принципот на достапност до културните вредности, остварување на културните права на сите граѓани, со цел публиката, меѓу младите читатели, поситителите на претстави, концерти, изложби да се родат идните писатели , актери, музичари, сликари.

Голема заложба на Локалната самоуправа заедно со културните институции беа предложените програми со кои се обезбеди континуираност на културниот живот во градот, достапност и културни вредности на граѓаните, интеграција на бизнис секторот во градот во функција на културата, меѓународната културна размена поврзување и продлабочување на културниот дијалог со збратимените и пријателски градови.

Културните активности беа многубројни и пред граѓаните беа пласирани уште на самиот почеток на годината.

Локалната самоуправа заедно со културните институции од градот на традиционален начин и со обичаи својствени на празнувањето на Коледе беше одбележан овој верски празник каде што многу и од граѓаните го прославија овој голем христијански празник со традицијата и обичаите од Тиквешкиот регион.

Божиќен концерт во изведба на ученици на ООМБУ „Лазо Мицев Рале„ од Кавадарци се одржа во салата при Домот на културата каде млади и талентирани ученици од ова училиште се претставија пред многубројната публика со дела од познати музички имиња.

Во рамките на традиционалното одбележување се одржа Годишен концерт на Фолклорниот ансамбал „Тиквеш„ кој што претставува амбасадор на нашиот град со презентирање на ора од нашето подрачје и пошироко а кој со својата професионалност и со финансиска поддршка од Локалната самоуправа гостуваа во многу збратимени и пријателски градови на Кавадарци.

Годишниот концерт со преполнета сала од граѓаните на Кавадарци се одржа во Салата на Дом на култура Кавадарци.

Општина Кавадарци и оваа година распиша Конкурс за давање на надлежност на правно лице за реализирање на програмата за култура на кој конкурс се јави само правното лице ИНОВАТИВА Груп ДОО Скопје.За секоја манифестација од нивна страна беше доставен Извештај како наративен исто така и финансиски и доставен до Советот на општина Кавадарци и позитивно прифатен.

Во Програмата за активности на Општина Кавадарци во обласна на културата за 2019 година беа одбележани следните културни настани:

- **Културно стопанска манифестација Св.Трифун**
- **Културно лето**
- **Културно стопанска манифестација “Тиквешки гроздобер“**
- **Одбележување на Нова година**

Општина Кавадарци и оваа година ја продолжи традицијата на одбележување **на 14 –ти феврури –„Св.Трифун„** празникот на лозарите и винарите од Тиквешијата. Локалната самоуправа направи подготовки за одбележување на празникот. Во делот

на поканувањето на гости на манифестацијата беа испратени званични покани до сите државни органи во Републиката, меѓународни фондации и агенции, амбасади советници, пратеници, винарии и фирми од Кавадарци.

Најпрво званичните гости беа примени во кабинетот на Градоначалникот за потоа сите заедно беа присутни на Градскиот плоштад каде на симболичен начин беше претставувано од страна на актери од Домот на културата Кавадарци традиционалното закројување со драматургија, по што следуваше закројување од страна на Градоначалникот и присутните гости. Потоа сите присутни беа во обиколка на штандовите на винариите и тоа ВВ„Тиквеш„ Винарија„Стоби„ и индивидуални и мали винари „Ерос„ „Пеца комерц„ како и штандот на Вешти жени од Кавадарци на кој беше изложена храна подготвена од вештите раце на здружението со традиционална храна од Тиквешијата. Званичното закројување Градоначалникот со сите гости го извршија во Црковниот Храм „Св.Димитрија „ заедно со свештените лица.

На Градскиот плоштад за сите поситители беше организирана културно забавна програма на која настапи музичка група од Кавадарци, фолклорен ансанбал„Тиквеш„.

Оваа година манифестацијата „Св.Трифун„ ја посетија претставници од Амбасади и фондации со која Грдоначалникот оствари средби.

Културните институции со подршка на Локалната самоуправа организираа многубројни изложби театарски претстави ликовни колонии и др,достапни на граѓаните на Кавадарци.

Изложба на Лазар Дојчинов, ликовен уметник од Кавадарци. На изложбата Дојчинов се претстави со околу 40-сетина акварели и масло на платно со тематика на винова лоза и вино. Изложбата е по повод 14 февруари денот на лозарите.

Меѓународниот ден на жената 8 март беше одбележан на достоинствен и културен начин .

**Културно лето 2019** година исто така во топлите летни вечери на граѓаните им понуди многу културни настани од областа на фолклорот ,театарот и музичкото творештво, културните институции од градот под Покровителство на Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци ги релизираа Годишните програми со што се придонесе културниот живот во нашиот град да достигне едно високо културно ниво а со тоа на граѓаните да им биде пласирано традиционалното културно творештво на нашата земја и да ги запознае младите генерации со културните вредности.

Една од културните манифестаци во која на едно место и во исто време можеше да се види и да се пласира дел од традицијата обичате и културата беше културно стопанската манифестација „**Тиквешки гроздобер 2019**„ т.н „Приказна под отворено небо„ Манифестацијата се состоеше од повеке сегменти поделени на различни места со изобилство на културни настани. На Градскиот плоштад беа претставени винарии каде секој посетител можеше да дегустира од богатото изибилство на разни вкусови од вино и храна.

Во Малото паркче спроти Полицијата изобилуваше со традиционална храна и македонска музика. Се одржаа многу спортски натпревари ,натпревар во шах и традиционалната Таблијада

Еден од најатрактиниот настан на манифестацијата беше и карневалското дефиле кое изобилуваше со фантазии, и многу вградени приказни и околу 1000 учесници а многубројната публика беше одушевена.

Исто така градот Кавадарци може да се пофали со културната **„Кавадаречка Културна есен„** на која беа пласирани многубројни изложби, театри ,промоци на книги детски претстави Работилници од областа на драмска дејност, работилница од областа на Фолклорна дејност„ Работилница од областа на фотографијата „Кавадаречки фолклорни средби „ Пензионерите пеат „ во чест на Никола Бадев „ Проекција на филмот„Медена земја „ и други под Покровителство на Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци а во организација на Дом на култура „Иван Мазов – Климе, Музеј галерија Кавадарци и Библиотека „Феткин. Посетеноста на сите овие настани ја достигна и бројката од 5000 посетители со што се потврдува дека на граѓаните на нашиот град им се потребни културни настани , и дека културата во Кавадарци е на едно високо ниво.

На крајот од годината која беше исполнета со многу културни манифестации Локалната самоуправа со културните институции го организира на свечен и спектакуларен дочек на **Новата година**. На Градскиот плоштад многубројната публика имаше можност да се забавува заедно со наши локални Бенд групи а исто така со многу овации да ја доживее убавината на новогодишната ноќ со спектакуларниот Огномет и позитивните честитки до сите граѓани упатени од страна на Градоначалникот.

**Извештај**
**За Реализацијата на Програмата за ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ за 2019година**

Вовед

Секторот за Локален Економски Развој (ЛЕР) своите активности ги извршуваше согласно програмските цели, утврдени во Програмата за Локален економски развој за 2019 година усвоена од страна на Советот на општина Кавадарци на Седницата која се одржа 25.12.2019,и согласно направените измени на програмата, како и надлежностите на општините дадени со Законот за локална самоуправа од 2002 година.

Сите програмски активности беа усогласени соСтратегијата за иновации на Р. Македонија 2012- 2020, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2014-2020, Националната Стратегија заземјоделство и рурален Развој за 2014-2020, Програма за развој на Вардарски плански регион, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на Р.Македонија за периодот 2010 – 2020.

Програмата за развој за 2019 година воглавно беше ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации од домашниинституции, меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата.

Реализацијата на оваа Програма обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Кавадарци.

**Реализација на проект по пат на задолжување во МСИП 2**

Проектот „Реконструкција на коловоз на улици и булевари во населено место Кавадарци – ул.Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов” е донесен како приоритетен проект на Општина Кавадарци, за аплицирање на проектот по

објавениот јавен повик МСИП 2- 01/2016 од страна на Министерството за Финансии на Република Македонија.
Проектот опфаќа реконструкција на коловоз на следните улици и булевари:УЛ.ЦАНО ПОП РИСТОВ, ПАНО МУДАРОВ, МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН, 7-МИ СЕПТЕМВРИ, СТРАШО ПИНЏУР, СЕВЕРЕН БУЛЕВАР, ЕДВАРД КАРДЕЉ, МОША ПИЈАДЕ И ЦВЕТАН ДИМОВ, со вкупна вредност од 50 767 886 денари.Проектот е во целост реализиран во 2019 година со вкупна вредност од 53 116 886 денари.

**Проект за Зајакнување на општинските совети**
Главната цел на проектот **„Зајакнување на општинските совети“**, кој е финансиски поддржан од страна на **Швајцарската Агенција за развој и соработка** (СДЦ), а се имплементира од **Програмата за развој на Обединетите нации**, е да ги зајакне општинските совети да станат поефективни и автономни тела и подобро да се справуваат со влијанието на извршната власт преку соодветно исполнување на својата уставно доделена улога за одлучување, надзор и застапување. За возврат, овие напори ќе ја зголемат транспарентноста и отчетноста на градоначалникот кон Советот и на општината кон граѓаните, и ќе се подобрат условите за живот во локалната заедница преку успешно спроведување на приоритетни проекти на заедницата.
За возврат, овие напори ќе ја зголемат транспарентноста и отчетноста на градоначалникот кон Советот и на општината кон граѓаните, и ќе се подобрат условите за живот во локалната заедница преку успешно спроведување на приоритетни проекти на заедницата. Во рамките на овој проектопштина Кавадарци доби грант средства во висина од 3 400 000 денари, за што во текот на 2019 година се опреми големата сала на општина Кавадарци со видео надзор и озвучување во висина од 700 000 денари.
Останатите средства во висина од 2 700 000 денари ќе се реализираат во 2020 година, а се наменети за градежни работи за ЈОУДГ„Рада Поцева”.

**Програма за намалување на аерозагадувањето 2019 година**

Во 2019 година, Владата на Република Македонија објави два повика за намалување на аерозагадувањето, во кој како критериуми беа поставени градови/општини со најголема загаденост, на општина Кавадарци и беа доделни грант средства во висина од 7 000 000 денари. Финансиските средства беа наменети за поставување на топлински пумпи и системи за ладење и греење, како и поставување на пвц прозорци и врати во општинските училишта во Кавадарци.

**Субвеницонирање на манифестации**

Општина Кавадарци аплицирање до министерството за Земјоделство, шумарство и водостопанство, за субвенционирање на Тиквешки гроздобер во делот на промоција на земјоделски производи, за што се одобрени и реализирани финансискис средства во висина од 120 000 денари. Во периодот 6,7, и 8 Септември 2019 година, се поставија штандови на градскиот плоштад на кој се вршеше презентација на земјоделски производи, како што се вино, ракија, грозје, маџун, гроздов сок, од страна на винарниците од општина Кавадарци, ЗШУЦ„Ѓорче Петров„ како и останати производители.

**Проект„РеЛОаД”- регионална програма за локална демократија во Западен Балкан**

- Општина Кавадарци во 2018 година започна со проектните активности по проектот РЕЛОАД кој што е наменет за зајакнување на капацитете на невладините организации во општина Кавадарци,финансиски подржан од Европската Унија и имплементиран од страна на УНДП. Општина Кавадарци како пилот општина го спроведува во периодот 2018-2020 година, и планирано е да реализираат финансиски средства во висина од 120 000 долари, за

кој што општината учествува со сопствени средства во восина од 24 000 евра или 20% Проектот е наменет да го зајакне партнерството помеѓу локалните власти и граѓанското општество во Западен Балкан. Проектот ќе овозможи да помогне на локалните власти на транспарентен начин, да ги финансира предлог проектите од невладините организации базиран според потребите на граѓаните. Во 2019 година, реализирани се финансиски средства во висина од 1 595 838 денари.

**Грант за успешност**

Општина Кавадаци успешно го реализираше проектот за подобрување на општинските услуги за реконструкција на ООУ Тоде Хаџи Тефов, СОУ ДОбри Даскалов, СОУ Ќиро Спанџов Брко. Согласно договорот за заем за проектот за подобрување на општинските услуги, по успешното имплементирање на проектот, општината доби дополнителни грант средства во износ од 3 084 000 денари за Реконструкција на ул.Тиквешко востание. Вкупната вредност на овој проект изнесува 4 486 324 денари. Општина Кавадарци учествува со сопствени финансиски средства во висина од 1 402 324 денари.Проектот е во целост реализиран во 2019 година со вкупна вредност од 4 486 324 денари.

**Проект„ Општинско корисна работа", финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика**.

Проектот за општинско корисна работа е финансиски поддржан од програма на Обединетите нации –УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика. На територијата на општина Кавадарци се реализира во периодот од 1-ви Септември 2019 до 31-ви Мај 2019 година. Времено се ангажирани 17 невработени лица,од клои 14лица како негователи во период од 6 месеци и лични асистенти за период од 9 месеца, со работен ангажман од 20 работни часа неделно и надоместок од 9000 денари по лице,Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице и осигурување од повреда на работнои место. Ангажманот на лицата се состои од пружење елементарна помош и грижа за стари и изменоштени лица, и лица со оштетен вид на кои им е неопходна подршка и помош, како и лични асистенти на лица со попреченост.Вкупната сума потребна за 6 месеци изнесува 612 000 денари.

**Консултантски услуги и ревизија за проекти**

Консултантски услуги за изработка на студии за потребите на секторот за ЛЕР. Вкупната сума за консултантските услуги која што е искористена за 2019 година изнесува554 000денари.

**Проект за Јавни работи – Поддршка на социјална категорија на граѓани**

Повикот за вклучување на невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктура и заштита на животна средина на локално ниво се одвиваше во текот на 2019 година, во кој беа вклучени 10 невработени лица за извршување на јавни работи. Вкупната сума за овој проект изнесува 88 000 денари.

**Проект за субвенционирање на мерки за топлинска ефикасност**

- Општина Кавадарци во 2019 година објави повик за субвенционирање на грејни тела, како воведување на мерки за заштеда на топлинска енергија при купување на грејни тела со голема енергетска ефикасност. Општина Кавадарци за овој проект издвои средства во висина од 1 800 000 денари од Буџет на општината за 2019 година.

**Проект за субвенционирање за купување на велосипед**

- Општина Кавадарци со цел да ги стимулира граѓаните за користење на велосипеди, и да се даде поголем придонес во зачувување на животната средина и физичкото здравје на граѓаните ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за набавка на велосипед.

Општина Кавадарци за овој проект издвои средства во висина од 200.000 од Буџет на општината за 2019 година.

**Интегрирана програма за развој на Туризмот во општина Кавадарци**

Овој под-проект опфака повеќе активности кои ќе придонесат кон подобрувањето на туристичката понуда во општина Кавадарци . Со под-проектот се предвидува:

- Реконструкција на локален патот до Михајлово во должина од 6.3 км.

- Поставување на три вински порти со атрибути на лозарство и винарство

Под-проектот е аплициран по објавениот повик во рамките на проектот за локална и регионална конкурентвост во областа на туризмот.Вкупната проценета вредност на Проектот,, Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци,,изнесува 37 242 799денари без ддв. Средствата во износ од 31 283 951 денари ќе се обезбедат од Проектот за Локална и Регионална Конкурентност финансиран од Европска Унија, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 5 995848 денари, односно 16% од вкупниот буџет на под-проектот. Реализација на овој проект ќе започне во 2020 година.

**Реконструкција на пристапен пат до земјоделско обработливо земјиште во општина Кавадарци, месност – Кошани – Бегниште**

Во општина Кавадарци како најчести проблеми со кои се соочуваат земјоделците како резултат на немањето или лошата состојба на пристапните патишта до земјоделското обработливо земјиште се - забрзана амортизација на земјоделската механизација, неможност за пристап со возило или земјоделска механизација за обработка или изнесување на земјоделските производи. За таа цел општина Кавадарци преку Вардарскиот плански регион го реализира во целост овој проект во текот на 2019 година. Со реконструкцијата на пристапниот пат во должина од 2200 метри ќе се олесни пристапот до земјоделското обработливо земјиште, а со тоа ќе ја подобриме состојбата на овие полски патишта, со што значително ќе се намалат горенаведените проблеми. Вкупната сума за реализација на овој проект изнесува 600 000 денари, и се обезбедени од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**Третман и подготовка на вода за пиење во Општина Кавадарци, Неготино и Росоман**

Проектот има за цел решавање на проблемот со заматување на водата за пиење од водоводниот систем Лукар кое се јавува во време на поројни дождови за општините Кавадарци, Неготино и Росоман. Како повеќегодишен проект ќе се реализира во партнерство со Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Словенски центар за меѓународна соработка во висина од 3 920 000 евра. Општина Кавадарци ќе учествува со сопствени средства во проектот и тоа во висина од 200 000 евра за изградба на дел 800 метри од цевководот, а средства во висина од 175 000 евра ќе се обезбедат од трите општини.

**Банка за храна**

Овој проект е реализиран со здружението за банка за храна на РМ, ЗГ Еко живот од Кавадарци и локална самоуправа Кавадарци. Месечно се доделуваат 100 пакети во соработка со локалните фирми и производители на семејства со социјален статус.

**И З В Е Ш Т А Ј**
**аа активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната и здравствена заштита за 2019 година**

**Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2019 година, е димензионирана на 4.700.000,00 денари. Активностите во областа на социјална заштита утврдени со оваа програма се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година. Во текот на календарската година претрпе една измена и дополнување која се однесува на вкупниот износ од 4.700.000,00 денари се заменува со 4.400,000,00 денари, точката 7 колички за хендикепирани лица се брише. Средствата во програмата се распределени на:**

- **Помош на социјално загрозени семејства**
- **Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава)**
- **Помош за семејства за лекување**
- **Помош на поедниниици од областа на култура**
- **Помош на семејства од семејно насилство**
- **Информирање на социјално загрозени семејства на правата и овбрските**
- **Новородени деца во 2019 година**
- **Колички за хендикепирани лица, избришана со измените**
- **помош на деца со аутизам**

**Финансиската помош на жителите во Општина Кавадарци за 2019 година е реализирана во целост која се должи на фактот што навреме и континуирано се исплатуваат финансиските средства според одредбите на Програмата и Правилникот бр.08-2068/1 од 29.04.2011 година и Правилник за изменување и дополнување бр.08-326/8 од 31.01.2019 година на Правилникот за условите, критериумите и постапката за додоелвање на еднокртана парична помош на физички лица.**

**Единиците на локална самоуправа Кавадарци како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднаква застапеност и третман на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење во Општина Кавадарци. Во континуитет ги следи сите актуелни сосотјби, законски измени и дополувања, иницира акции и ги имплементира работните обврски.**

**Во 2019 година процентот на реализација на програмата за активностите на Општина Кавадарци - Локална Самоуправа во областа на социјална парична помош по програма АО изнесува 3.919.354 денари или во проценти 97.98 %, по основ социјално парична помош се изработени 360 решениеја а исплатени се 1.914,000 денари, по основ помош за новородени деца има изработени 326 решенија а исплатени се 1.980.000,000 денари.**

**Програмата за активностите на Општина Кавадарци-Локална Самоуправа за 2019 година во областа на здравствената заштита насочни кон потикнување, подржување и помагање на здравстевенуте институции на целите од Програмата Општа Болница со проширена дејност.**

**Извршувањето по програма 11 изнесува 1.500.000,00 денари, во текот на тековната годината претрпе измена и дополнување која се однесува на вкупниот износ од 1.500.000,00 денари на 3.500.000,00 денари, извршувањето е 3.500.000,00 денари или во проценти 100 %.**

Изработил :
Јанинка Леова

## Извештај
## за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година

Врз основа на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци бр.07-873/29 од 28.02.2014 година и распишаниот Јавен повик за прибирање на апликации на програми/проекти за финансиска подршка од буџетот на Општина Кавадарци за 2019 година наменети за спортисти, спортски клубови, професионални клубови регистрирани на подрачјето на општина Кавадарци општински и училишни сојузи бр.09 -300/1 од 22.01.2019 година Комисијата за спорт му предложи, а Советот на Општина Кавадарци ја усвои Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година бр.08-815/18 од 19.02.2019 година.

Согласно горенаведената Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади бр.08-815/18 од 19.02.2019 година дел од спортските активности се финансирани врз основа на апликација од страна на клубовите и во рамките на одобрените средства од програмата, а финансирањето на проектите и манифестации наведени во програмата се реализирани преку Сојуз на спортовите на Кавадарци.

Во текот на 2019 година од Буџетот на Општина Кавадарци по Барање од страна на Спортските клубови, а со решение квартално им се исплатени финансиските средства. За добиените финансиски средства спортските клубови се задолжени и квартално да доставуваат Финансиски Извештаи кои се разгледуваат и се усвојуваа со ЗАКЛУЧОЦИ од страна на комисијата за спорт на советот на Општина Кавадарци и тоа со следниве: Заклучок бр. 08-3916/3 од 17.07.2019 год, Заклучок бр. 08-3985/3 од 22.07.2019 год, Заклучок бр.08-4525/3 од 19.08.2019 год, Заклучок бр. 08-5274/4 од 04.10.2019 год, Заклучок бр. 08-5630/3 од 18.10.2019 год, Заклучок бр. 08-5426/3 од 31.10.2019 год, Заклучок бр. 08-6034/3 од 07.11.2019 год, Заклучок бр. 08-6216/3 од 14.11.2019 год, Заклучок бр. 08-6992/3 од 20.12.2019 год, Заклучок бр.08-118/3 од 14.01.2020 год, Заклучок бр. 08-267/3 од 20.01.2020 год. и Заклучок бр. 08-466/3 од 24.01.2020 год.

1. Стрелачки клуб “Кавадарци” согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одборени 60 000 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од стрелачкиот клуб бр. 10-4316/1 од 07.08.2019 година, бр.05-36/1 од 08.01.2020 година, одобрените средства се наменети за

финансирање на активностите на програмата на стрелачкиот клуб – верификација на клубот, патни трошкови и банкарска обврска.

2. Карате Клуб “Тиквеш” согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одборени средства од 70 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате клубот Тиквеш бр. 10-4524/1 од 19.08.2019 година и бр. 05-467/1 од 24.01.2020 година, одобрените средства се наменети за надоместок за користење на спортски објект и котизација во Карате Федерација.

3.Градски Ракометен клуб Тиквеш 2014 Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одборени средства од 1 000 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Г.Р.К “ Тиквеш “ 2014 бр. 05-4361/1 од 09.08.2019 година, бр. 10-5466/1 од 08.10.2019 година и бр. 05-217/1 од 15.01.2020 година, одобрените средства се наменети за исплата на тренери, надоместок за користење на спортска сала, колективно осигурување, исхрана и надоместок на игарчи и исплата на судии и делегати за одиграни натпревари.

4. К.К”Спортисимо” согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 300 000 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од К.К “Спортисимо” бр. 05-4376/1 од 12.08.2019 година, бр. 05-5619/1 од 17.10.2019 година и бр. 05-246/1 од 16.01.2020 година, одобрените средства се наменети за превоз, термини за користење на сала, исплата на тренер по договор и опрема.

5. Ж.К.К “ Трокал “- Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средста од 800 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ж.К.К “ Трокал “ Кавадарци бр. 10-3998/1 од 22.07.2019 година, бр. 05-6033/1 од 06.11.2019 година и бр. 05-7147/1 од 24.12.2019 година, одобрените средства се наменети за надоместок за термини во спортска сала, превоз , храна и ноќевање и опрема.

6. Карате Клуб “Кавадарци” Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 700 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате Клуб “Кавадарци” Кавадарци бр. 10-3987/1 од 19.07.2019 година, бр. 10-5380/1 од 03.10.2019 година и бр. 05-7093/1 од 19.12.2019 година, одобрените средства се наменети за надоместок за термини во спортска сала, превоз, храна, ноќевање и котизации за учество.

7. Карате Клуб “Елен-Еден” с.Ваташа согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 75 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате Клуб “Елен-Еден” с. Ваташа бр. 10-3988/1 од 19.07.2019 година и бр. 05-7092/1 од 19.12.2019 година, одобрените средства се наменети за надоместок за превоз, храна и ноќевање, термини за користење на сала, такси за учество.

8. Општински Сојуз на Училишен спорт –Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 години се одобрени средства од 80 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Општински Сојуз на Училишен спорт –Кавадарци бр.05-5811/1 од 29.10.2019 година и бр.05-7244/1 од 27.12.2019 година, одобрените средства се наменети за организација на регионални натпревари за организација на масовен велосипедски собир и организација на новогодишен турнир во футсал.

9. Планинарско спортско друштво Орле Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година, се одобрени средства од 60 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Планинарско спортско друштво Орле Кавадарци бр. 05-5632/1 од 18.10.2019 година и бр. 05-6898/1 од 12.12.2019 година, одобрените средства се наменети за опрема, превоз на планинари, маркици, поправка на возило, фонд за патишта и др.

10. К.К "Академик" Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 50 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од К.К Академик бр.10-5317/1 од 01.10.2019 година и бр. 05-266/1 од 17.01.2020 година, одобрените средства се наменети за плаќање на котизација, семинари за тренери, за термини за спортската сала, за судиски и делегатски такси за натпреварите кои се одиграни.

11. Џудо Клуб "Кожувчанка" Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 65 000 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од Џудо Клуб "Кожувчанка" Кавадарци бр.10-4356/1 од 12.08.2019 година и бр.05-185/1 од 15.01.2020 година, одобрените средства се наменети за плакање на наемнина за тренинзи во спортска сала Јасмин Кавадарци, годишна котизација и патни трошоци.

12. Карате клуб "Сансаи" Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година, се одобрени средства од 85 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате клуб "Сансаи" Кавадарци бр. 10-3962/1 од 19.07.2019 година и бр.05-7020/1 од 18.12.2019 година, одобрените средства се наменети за делумно покривање на трошоците за термини, патни трошоци .

13. Р.К Тиквеш Јуниори 2012 Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 90 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Р.К "Тиквеш Јуниори 2012" Кавадарци бр. 10-4519/1 од 16.08.2019 година и бр. 05-7245/1 од 27.12.2019 година, одобрените средства се наменети за надоместоци на термини за тренинг во спортска сала Јасмин.

14. Спелеонуркачки клуб "Врело" согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 60 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Спелеонуркачки клуб "Врело" бр. 05-6949/1 од 16.12.2019 година, средства се искористени за еколошките акции на Тиквешко езеро, сместување, превоз и докомплетирање на опрема .

15. Здружение на граѓани КИК БОКС БУДО Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 70 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Здружение на граѓани КИК БОКС БУДО Кавадарци бр. 10-4941/1 од 12.09.2019 година и бр. 05-7288/1 од 31.12.2019 година, средсвата се искористени за плаќање на закупнина на сала за вежбање, купување на реквизити заштитна опрема.

16. Спортски риболовен клуб ОСКАР Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 30 000 денари.

Врз основа на извештајот од Спортски риболовен клуб ОСКАР Кавадарци бр. 10-3365/1 од 21.06.2019 година, бр. 05-6410/1 од 25.11.2019 година, одобрените

средства се наменети за надоместоци котизација за лига натпревар и спортски легитимации, котизација и книговодствени услуги.

17. Карате клуб Ронин Каи-Кан Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 65 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Карате клуб Ронин каи-кан Кавадарци бр. 10-4970/1 од 13.09.2019 година и бр. 05-453/1 од 23.01.2020 година, одобрените средства се наменети за опрема за тренинг.

18. К.Г.С Партизан СРНИ Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средаства од 75 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од К.Г.С Партизан СРНИ Кавадарци бр. 10-5250/1 од 27.09.2019 година и бр. 05-54/1 од 08.01.2020 година, одобрените средства се наменети патни трошкови, исплата на тренер и за термини за тренинг.

19. Тениски Клуб Црна Река Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година, се одобрени средства од 40 000 денари истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Тениски Клуб Црна Река Кавадарци бр. 05-472/1 од 24.01.2020 година, одобрените средства се наменети за котизации во повеќе категории за учество во турнири.

20. Здружение Карате клуб ЕНЕРЏИ –ОСС Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 50 000 денари истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Здружение Карате клуб ЕНЕРЏИ –ОСС Кавадарци бр. 05-4591/1 од 22.08.2019 година и бр. 05-441/1 од 23.01.2020 година, одобрените средства се наменети годишна членарина за учество во карате федерацијата, превоз и котизација на меѓународни натпревари.

21. Градски ракометен клуб Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 60 000 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од Градски ракометен клуб Кавадарци бр. 05-7266/1 од 30.12.2019 година, одобрените средства се наменети за закуп на спортски сали, патни и административни трошоци .

22. Кошаркарски клуб Про-Баскет Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 60 000 денари и истите се реализирани .

Врз основа на извештајот од Кошаркарски клуб Про-Баскет Кавадарци бр. 10-5281/1 од 30.09.2019 година и бр. 05-7285/1 од 31.12.2019 година, одобрените средства се наменети закуп на спортски сали, патни и административни трошоци.

23. Нинџицу клуб Татсиџин Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 75 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Нинџицу клуб Татсиџин Кавадарци бр.10-4363/1 од 09.08.2019 година, бр. 05-5809/1 од 29.10.2019 година и бр. 05-7246/1 од 27.12.2019 година, одобрените средства се наменети закуп на спортски Сали, патни и административни трошоци.

24. Пинг-понгарски клуб Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 20 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Пинг-понгарски клуб Кавадарци бр. 05-7271/1 од 30.12.2019 година, одобрените средства се наменети закуп на спортски сали, патни и административни трошоци.

25. Тиквешки Точакџии Кавадарци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 50 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Тиквешки Точакџии Кавадарци бр. 05-7059/1 од 18.12.2019 година и бр. 05-470/1 од 24.01.2020 година, одобрените средства се наменети за реализација на проектот Алшар 2018 .

26. Боди билдинг клуб Екстрим Џим 212 Кавадарци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година, се одобрени средства од 60 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Боди билдинг клуб Екстрим Џим 212 Кавадарци бр. 10-5535/1 од 10.10.2019 година и бр. …….. од .01.2020 година, одобрените средства се наменети за закуп на деловен простор во спортска сала Партизан.

27. Аеро клуб Витачево Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 45 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Аеро клуб Витачево Кавадарци бр. 05-6983/1 од 17.12.2019 година и бр. 05-471/1 од 24.01.2020 година, одобрените средства се наменети за патни трошкови, ноќевања и учество во меѓународни натпревари.

28. Атлетски клуб Тиквеш Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 80 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Атлетски клуб Тиквеш Кавадарци бр. 10-4845/1 од 06.09.2019 година и бр. 05-7171/1 од 24.12.2019 година, одобрените средства се наменети за патни трошоци, термини и опрема.

29. Планинарски клуб Зелен Брег согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 30 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Планинарскиот клуб Зелен Брег бр. 05-5903/1 од 30.10.2019 година и бр. ……… година, одобрените средства се наменети за .

30. Кошаркарски клуб Јасмин согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 90 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Кошаркарски клуб Јасмин бр. 05-7147/1 од 24.12.2019 година, одобрените средства се наменети за опрема, нафта и храна.

31. Меридијан Атлетик Еко согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 35 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Меридијан Атлетик Еко бр. 10-5897/1 од 30.10.2019 година, одобрените средства се наменети за трошок за организација на маратон, медали и пехари.

32. Кик Бокс Клуб Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 70 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Кик Бокс клуб Кавадарци бр. 10-5179/1 од 25.09.2019 година и бр.05-442/1 од 23.01.2020 година, одобрените средства се наменети за опрема за вежбање, гориво за превоз.

33. Атлетски клуб Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 35 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Атлетски клуб Кавадарци бр. 10-3703/1 од 08.07.2019 година и 05-6826/1 од 10.12.2019 година, одобрените средства се наменети за патни трошоци, исхрана.

34. Ф.К Габер с. Ваташа Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 95 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ф.К Габер с .Ваташа Кавадарци бр. 05-6950/1 од 16.12.2019 година и бр. 05-249/1 од 16.01.2020 година одобрените средства се наменети за патни трошоци, котизација судии делегати лекар и сл.

35. Ф.К. Сопотско Поле Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 40 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ф.К Сопотско Поле Кавадарци бр. 10-3766/1 од 10.07.2019 година и бр. 05-6986/1 од 17.12.2019 година одобрените средства се наменети за одржавање на фудбалски терен, патни трошоци, котизација, судии делегати лекар и сл.

36. Ф.К Дреново 2016 Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 40 000 денари и истите не се побарани од нивна страна бидејќи не реализираа активности – не се натпреваруваа во Општинската лига за 2019 година .

37. Ф.К Марена с. Марена Кавадарци согласно Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година одобрени се средства од 300 000 денари и истите се реализирани.

Врз основа на извештајот од Ф.К Марена с. Марена Кавадарци бр. 10-3917/1 од 17.07.2019 година и бр. 05-7054/1 од 19.12.2019 година,одобрените средства се наменети за регистрација на игрчи, делегати судии, лекар, камерман, исхрана на играчи патни трошоци и сл.

38. Сојуз на спортовите на Кавадарци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2019 година се одобрени средства од 1 000 000 денари и истите се реализирани..

Врз основа на извештајот од Сојуз на спортовите на Кавадарци бр. 08-5624/1 од 17.10.2019 година и бр. 05-393/1 од 22.01.2019 година, одобрените средства се наменети за реализација на турнир Сестри Китеви , проект Избираме мади таленти, проект Отворени забавни фудбалски школи (Опен-фан), манифестација Избор на спортист за 2019 година и трошоци за работа на Сојуз на спортовите на Кавадарци.

39. Градски фудбалски клуб Тиквеш 1930-Кавадарци согласно програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година се одобрени средства во висина од 6.000.000 денари, а во тековната година со рефинансирање се одобрени уште 3.000.000 денари со Анекс на Договор бр. 10-300/91 од 14.11.2019 година и истите се реализирани.

Врз основа на извештаите од Градски фудбалски клуб Тиквеш 1930 Кавадарци бр. 10-2666/1 од 17.05.2019, бр. 10-3820/1 од 12.07.2019, бр.05-6240/1 од 14.11.2019, 05-7155/1 од 24.12.2019, одобрените средствата се наменети за котизација во ФФМ, регистрација на играчи, надомест на стручен штаб тренери, спортски директор, надомест на фудбалери, исхрана на играчи, сметки за стан, комесар за безбедност, патни трошкови, возач, реквизити и спортска опрема Организирање на Меморијален Турнир Вуко Каров, одржавање на фудбалски терени и сл.

## Извештај
## За судски постапки спрема Општина Кавадарци
## од аспект на задолженост

Спрема Општина Кавадарци Локална самоуправа се покренати следните судски постапки:

1. ТС1 48/19

Тужители: 1. ДПТУ “Супер Јајце” ДООЕЛ од с. Сопот Кавадарци
2. ДПН “Градски Паркинзи КАВ” Кавадарци од Кавадарци

Тужен: Општина Кавадарци

Основ: Надомест на материјална штета и испуштена корист

Вредност: 51.937.295,oo денари

Од страна на тужителот поднесена е тужба за надомест на материјална штета и испуштена корист, заради раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци.

Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.

2. П4-27/2018

Тужител: Бошко Китанов од Кавадарци ул.„Дисанска“ бр.19
Тужен: Општина Кавадарци
Основ: Надомест на штета
Вредност: 1.000.000,оо денари

Од страна на тужителот е поднесена тужба за надомест на нематеријална штета. Тужителот при управување на велосипед на улица Шишка, се здобил со тешки телесни повреди, од причина што предната гума од велосипедот се заглавува во решетката за атмосверска вода. Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци. Предметот е доставен до Биро за судски вештачења за изготвување на супер сообраќајно вештачење.

Постапката е во тек.

3. **ТС1.бр.28/19**

Тужител: ТРД "Радио Кавадарци" ДООЕЛ Кавадарци ул.„7-ми Септември„ бр.1
Тужен: Општина Кавадарци и др.
Основ: Исполнување на договор и враќање на вложени парични средства
Вредност: 875.312,00 денари

Предметот е вратен од Апелационен суд на повторно одлучување пред основен суд Велес. Со обжалената пресуда ТС1.бр.28/16 од 27.03.2017 година, тужбеното барање на тужителот да се задолжи тужениот да пристапи кон исполнување на склучениот договор за зедничка изградба на објектот, реконструкција на рамна проодна тераса на управната зграда на Домот на културата во Кавадарци бр.03-95 од 25.12.2000 година склучен помеѓу правниот претходник на тужителот и правниот претходник на тужениот и да му го предададе во владение и трајно користење без надомест на тужителот деловниот простор на ул.„7-ми Септември„, опишан во став 1 од пресудата, е одбиено како неосновано. Тужбеното барање на тужителот делумно е усвоено, тужениот е задолжен на тужителот да му плати на име стекнување без основ износ од 710.000,00 денари со законска казнена каматаво висина на референтната стапка на НБРСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието зголемена за десет процентни поени сметано од 15.07.2016 година за извршени инвестициони вложувања од правниот претходник на тужителот за реконструкција на кровна конструкција и адаптација на делот од проодната рамна тераса на објектот на ул.„7-ми Септември„. Со обжалената пресуда задолжен е тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во износ од 153.348,00 денари, во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата, додека одбиено е барањето да се задолжи тужителот на име парнични трошоци да плати уште износ од 6.612,00 денари. Со оваа пресуда судот донел и решение со кое приговорот на тужениот за застареност на побарувањето го одбил како неоснован.

Постапката е во тек.

4. **Мал.вред.П.бр.6/2019**

Тужител: Лазар Игнатов од Кавадарци ул.„Ленинова“бр.25
Тужен: Општина Кавадарци
Основ: Надомест на материјална штета
Вредност: 39.392,оо денари

Од страна на тужителот е поднесена тужба за надомест на материјална штета за кастрење на дрва во имот на тужителот.
Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.
Постапката е во тек.

5. **Мал.вред.бр. 48/2019**

Тужител: Атанас Илиев од Кавадарци ул.„Словенска“ бр.6
Тужен: Општина Кавадарци
Основ: Надомест на материјална штета
Вредност: 100.423,оо денари

Од страна на тужителот поднесена е тужба за надомест на материјална штета причинета на ПМВ Мерцедес со рег.бр.КА-7966-АВ, сопственост на тужителот, при движење ПМВ по ул. “Северен Булевар” во близина на крстосница на улица “Ѓорѓи Соколов”, се потопило во вода од обилни врнежи.
Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.
Постапката е во тек.

6. **Мал.вред.ТС.бр.1/20**

Тужител: ДПППМИ “Промонтинг” ДООЕЛ Скопје од Скопје ул.„Ѓорѓе Андреевиќ-Кун“ бр.2
Тужени: 1. Општина Кавадарци
Основ: Долг
Вредност: 140.316,оо денари

Од страна на тужителот поднесена е тужба за остаток од долг по основ извршени градежни работи за реконструкција на противпожарна станица.
Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци, во тек е Економско и градежно вештачење. Постапката е во тек.

7. **Мал.вред.П.бр.168/2019**

Тужител: Александра Лазова од Демир Капија ул.„Партизанска“
Тужени: 1. Општина Кавадарци и
2. ЈП “Комуналец” Кавадарци
Основ: Надомест на штета
Вредност: 150.000,оо денари

Од страна на тужителката поднесена е тужба за надомест на штета од куче скитник. Тужителката пешки при движење на улица Страшо Пинџур на ден 28.11.2018 година била нападната од кучиња при што се здобила со телесни повреди.
Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.
Постапката е во тек.

8. **Мал.вред.П.бр.155/2019**

Тужител: Даринка Темелкова од Кавадарци ул.„25-ти Мај“ бр.36
Тужени: 1. Општина Кавадарци и
2. ЈП “Комуналец” Кавадарци

Основ: Надомест на штета
Вредност: 256.000,оо денари

Од страна на тужителката поднесена е тужба за надомест на штета од куче скитник. Тужителката пешки при движење накај својот дом на ден 01.09.2019 година била нападната од улично куче при што се здобила со телесни повреди.

Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.

Постапката е во тек.

**9. Мал.вред.П.бр.145/2019**

Тужител: Андон Лазаров од Кавадарци ул.„Ило Костов“ бр.10
Тужени: 1. Општина Кавадарци и
2. ЈП "Комуналец" Кавадарци
Основ: Надомест на штета
Вредност: 87.140,оо денари

Од страна на тужителот поднесена е тужба за надомест на штета. Тужителот пешки при движење на улица Димче Мирчев на ден 16.05.2019 година бил нападната од куче скитник при што тужителот се здобил со телесни повреди.

Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.

Постапката е во тек.

**10.Мал.вред.П.бр.6/2019**

Тужител: Лазар Игнатов од Кавадарци ул.„Ленинова“бр.25
Тужен: Општина Кавадарци
Основ:Надомест на материјална штета
Вредност:39.392,оо денари

Од страна на тужителот е поднесена тужба за надомест на материјална штета за кастрење на дрва во имот на тужителот.

Поднесен е одговор на тужба од страна на Општина Кавадарци.

Предметот е во тек.

**11. ВПП бр.38/18**

Предлагач: Ристо Малинков од Кавадарци преку полномошник адв. Љубинка Јаковлева
Противник: Општина Кавадарци
Основ:Определување надоместок за експроприран недвижен имот
Вредност: 873.915,00 денари

Од страна на предлагачот поднесен е предлог за определување на надоместок за експроприран недвижен имот на КП бр. 15153/5 и КП бр. 15153/6, каде е предложен надоместок од вкупен износ од 873.915,00 денари за површина од 406м2.

Општина Кавадарци поднесе одговор на предлог и го оспори поднесениот преглод.

Предметот е во тек.

**12. ВПП.бр.47/19**

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: Зорица Тодоровска од Кавадарци преку.полн.адв.Илија Змејковски
Основ: Определување на надоместок за експроприран недвижен имот за изградба на дел од улица „Вуко Каров“ во м.в. “Паркот”
Вредност: 109.800,00 денари

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци е предложен надоместок од 600,00 ден по м2 или за 183м2 вкупен износ од 109.800,00 ден. Кој противникот не го прифатил.

Предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.

Од страна на судот предметот е доставен на вештачење до Биро за судски вештачења за определување на нова проценка за експроприраното земјиште.

Рочиштето е закажано на 25.02.2020 година.

**13. ВПП.бр.41/19**

Предлагач: Општина Кавадарци
Противник: Ќиро Стојков од Кавадарци преку полн.адв.Атанас Тошевски
Основ: Определување на надоместок за експроприран недвижен имот за градење на улица „1,2,3 и 4“ ДУП Дисанска м.в.“Дисанска”
Вредност: 30.840,00 денари

Во управна постапка од страна на Општина Кавадарци е предложен надоместок од 1.542,00 ден по м2 или за 20 м2 вкупен износ од 30.840,00 ден. Кој противникот не го прифатил.

Предметот по службена должност од страна на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци е доставен до Основен суд Кавадарци за определување на висина на надоместокот во судска постапка.

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Кавадарци се води под бр. **МАЛВ.П-145/2019** каде како Тужител се јавува Андон Лазаров од Кавадарци, со адреса на живеење на Ул. Ило Костов бр. 10, Кавадарци, преку Полномошник Адвокат Живко Ајтов од Кавадарци, седиште 7 Септември, бр. 51, а како тужени Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот М-р Митко Јанчев од Кавадарци, и Јавното Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, застапувано од законскиот застапник Ѓорѓи Поп Ицов, на име Надомест на нематеријална штета, во вкупен износ од 87.140,00 денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне спогодба и да склучи судско порамнување со следната содржина:

**"С У Д С К О П О Р А М Н У В А Њ Е**

1.Тужителот преку полномошник Адвокат Живко Ајтов од Кавадарци го повлекува и се откажува од дел од тужбеното барање на име побарување на нематеријална штета за износ од 37.140,00 денари со кое Тужените се задолжуваат солидарно да исплатат справедлив паричен надомест на Тужителот, а останува за остатокот на тужбено барање во износ од 50.000,00 денари.

2.Тужените Општина Кавадарци и Јавно Претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, СОГЛАСНИ СЕ со вака прецизираното тужбено барање за износ од 50.000,00 денара на тужителот по основ на справедлив паричен надомест за претрпена нематеријална штета и истовремено потврдуваат дека СЕ СОГЛАСНИ солидарно, во рок од 15 дена сметано од денот на заклучувањето на ова судско порамнување, на име нематеријална штета на Тужителот да му исплата вкупен износ од 50.000,00 денари, зголемен за износот на трошоците на постапката во износ од **22.862 денари на име адвокатски трошоци и 5.556,00 денари за трошоци за вештачење**, под страв на присилно извршување. Овој износ да му го исплатат на Тужителот на неговата трансакциона сметка, а Адвокатските трошоци во износ од 22.862,00 денари зголемен за трошоците за вештачење во износ од 5.556,00 денари да се исплатат на Адвокат Живко Ајтов на неговата сметка.

3. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под **МАЛВ.П-145/2019**, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор."

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-1458/25**
**13.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на** Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/26**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/26**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 41 од Законот за Градежно земјиште (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/12, 163/13, 15/15, 44/15 и 98/15) член 2 точка 4 и член 80, член 81-а и член 81 од Законот за градење (Службен весник на РМ" бр.130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16,64/2018 и 168/2018),, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен Гласник,, на Општина Кавадарци бр. 08/05, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето наОпштина Кавадарци**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр. 08-7017/42 од 25.12.2019 година и бр. 08-378/44 од 29.01.2020 година (,,Сл. Гласник на Општина Кавадарци,, бр.49/19,50/2020), се врши следната измена и дополнување:

Во точка 9. Урбана опрема – Самостоечки рекламни паноа се додава нов став кој гласи:

- ,,Рекламни и иннформатини паноа кои се поставуваат на огради на мост.

1. Пешачки мост на ул.,, Шишка ,, , 6 локации
   - на јужна страна од оградата 3 локации со димензии дол.4м и вис. 2 м
   - на јужна страна на носечки столб содимензии шир. 1,5 м и вис. 2,5 м
   - на северна страна од оградата 2 локации со димензии дол. 4м и вис. 2м,,

**Член 2**

После точка 11. Урбана опрема – Привремени паркинзи и приодни патеки се додава нова точка 12 која гласи:

Урбана опрема – Фонтани и чешми

- **Фонтани**

1. Градски плоштад ,,Маршал Тито,, - 3 локации (2 пред општинска зграда и 1 до кафетерија ,,Тоскано,,)
2. Ул. ,,7-ми Септември,, (полициско паркче западна страна) - 1 локација
3. Градски парк ,,Мишо Шкартов ,,– 1 локација
4. Бул. ,,Никола Минчев,, (Кружен Ток) – 1 локација

- **Чешми - Фонтани**

1. Градски плоштад ,,Маршал Тито,, – 1 локација (пред кафетерија ,,Тоскано,,)
2. Ул. ,,Илинденска,, – 1 локација (пред ,,Тутунска банка,,)
3. Ул. ,,7ми Септември,, спој со ул. ,,Браќа Џунови,, – 1 локација
4. Ул. ,,7ми Септември ,,спој со ул. ,,Методија Џ Џикот,, – 1 локација
5. Ул. ,,Киро Крстев,, – 1 локација (наспроти Инел)
6. Градски парк ,,Мишо Шкартов ,,– 1 локација
7. Ул.,, Лазо Мицев,,, – 1 локација (парк Полана)
8. Ул. ,,Прилепска,, – 1 локација (пред Пожарна)
9. Ул. ,,Страшо Пинџур,, 2- локации (1 втор тријајаголник и 1 пред ресторан 12 другари)
10. Ул. ,,16 Јуни,, 1 локација (пакче)

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник,, на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-1458/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.03.2020 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејностнадвор од деловен простор на подрачјето на Општина Кавадарци

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/27**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија ’’ бр. 5/02) и член 80 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија’’ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12. 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија’’ број 244/19 и 18/20 ), а во врска со член 8 став 2 , член 16 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија’’ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 ), член 12 став 3 и член 41 став 2 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија’’ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 17/16), и („Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 31/20), член 8 став 3 од Законот за занаетчиство („Слижбен весник на Република Македонија’’ бр. 215/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Кавадарци**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се утврдува потреба за поставување на урбана опрема и се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на јавни површини и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Кавадарци.

(2) Потребата за поставување на урбана опрема, во смисла на оваа одлука, се смета за утврдена во следните случаи на:

- исполнетост на условите, начинот и постапката утврдени во оваа одлука и
- доколку поставување е во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон во поглед на вршењето на дејност надвор од деловниот простор.

**Член 2**

(1) Поставување на урбана опрема се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

(2) Одобрение за поставување на урбана опрема се издава за поставување комунална урбана опрема, монтажно-демонтажна урбана опрема, рекламно-информативна урбана опрема и комерцијано-угостителска урбана опрема.

(3) Одобрението од став1 на овој член го издава градоначалникот на Општината.

**Член 3**

(1) Вршењето дејност надвор од деловен простор се врши врз основа на одобрение за вршење на дејност.

(2) Одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор се издава за вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност.

(3) Одобрението од став 1 на овој член го издава Градоначалникот на Општината.

**Член 4**

(1) Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловен простор, одобрението за поставување на урбана опрема може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

(2) Издаденото одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор од страна на Градоначалникот на Општината воедно значи и дадена согласност за поставување на урбана опрема во границите на определена јавна површина.

(3) Кога просторот пред деловната просторија за кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во приватна сопственост потребно е само одобрение за вршењс дејност надвор од деловен простор.

(4) Во случај на промена на носителог на сопственоста на земјиштето за кое е издадено одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор од став 3 на овој член, престанува да важи.

**Член 5**

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема и одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор, имателот на

одобрението не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

**Член 6**

(1) Издаденото одобрение за поставување на урбана опрема и одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

(2) Општина Кавадарци го задржуваат правото при реализација на планови и програми на Општината на имателот на одобрението за поставување на урбана опрема и одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор, да му наложи дислокација на урбаната опрема или во целост да го одземе одобрението.

**Член 7**

(1) Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- Дневно за време од 24 часа и краткотрајно за период до 30 дена за монтажно - демонтажна урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, презентации, изложби и др;
- Сезонско, за период од 3 до 7 месеци за трговија на мало и угостителство.
- Годишно, за период до 1 година, за комерцијално угостителска урбана опрема, трговија, градилиште и др.

(2) Времетраењето на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор за комерцијално-угостителска урбана опрема може да биде годишно, за период до 1 година.

(3) По истекот на периодот на важност на одобрението за поставување на урбана опрема или на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор, истото не се продолжува.

## II. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**Член 8**

(1) Постапка за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема може да покрене секое физичко или правно лице што има намера да постави урбана опрема на јавна површина (во натамошниот текст: заинтересиран субјект), со поднесување на барање (утврден формулар).

(2) Во случај кога се работи за 2 (две) или повеќе исти барања поднесени истовремено за истата локација (предвидени во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци) за поставување на монтажно демонтажни типски објекти - киосци, рекламни паноа, билборди и ситилајтови Општината ќе спроведе јавна објава за истата локација.

(3) Заинтересираниот субјект со барањето изјавува дека е согласен личните податоци наведени во барањето да се користат за потребите на Општина Кавадарци за спроведување на постапката како и дека е согласен сите известувања при спроведување на постапката да се вршат со испраќање на документи преку електронски средства наведени во барањето.

(4) Заинтересираниот субјект во барањето го наведува времетраењето за кое бара добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.

(5) Заинтересираниот субјект може да поднесе ново барање за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема 15 дена пред истекот на времетраењето на постојното одобрение.

**Член 9**

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на Општината, во согласност со член 2 на оваа одлука.

(1) Заинтересираниот субјект со барањето за поставување на комунална урбана опрема, монтажно-демонтажна урбана опрема и рекламно-информативна урбана опрема, задолжително доставува:

1. Извод од соодветен регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект, не постар од 6 месеци.
2. Елаборат за поставување на урбана опрема со следната содржина:

- назив и седиште на заинтересираниот субјект;
- регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорна проектантска куќа и одговорниот проектант;
- доказ дека се исполнети минимално техничките услови за вршење на дејноста;
- технички опис;
- извод од ДУП за предметниот локалитет или микро-локациски услови во размер 1:1000;
- детални цртежи со опис на постојната состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200);
- детални цртежи со опис на новата состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200, основи 1:200 или 1:100, пресеци 1:100 или 1:50 и детали 1:50 или 1:25);
- детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:100 или 1:50);
- детали на урбаната опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејност во размер (1:20 или 1:10)

(1) Елаборатите од став (1) од овој член се доставуваат во три примероци, од кои по завршената постапка два се враќа на заинтерисираниот субјект.

**Член 11**

(1) Сите детални цртежи од член 10 на оваа одлука треба да содржат приказ на регулациона линија, линија на градежна парцела, градежна линија и границите на катастарските парцели, приказ на постојните објекти кои се наоѓаат околу бараната површина, заедно со нивните влезови, излозите и други фасадни отвори, рампи и скали, како и велосипедските патеки, дрвјата, дрворедите, уличното осветлување, рекламните паноа, клупите, корпите за отпадоци, столбчињата, ПП апарати, хидрантите, електричните разводни табли и другите комунални уреди, односно објекти на комунална инфраструктура.

(2) Деталните цртежи со опис на новата состојба треба да ги содржат границите на површината на која се бара да се постави урбаната опрема и слободната проодна површина, како и пристапот за интервентни возила (пожарна, брза помош, полиција).

(3) Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат котирани и прецизно исцртани.

**Член 12**

(1) Постапката по барањето за поставување урбана опрема ја спроведува надлежен сектор во администрацијата на Општина Кавадарци.

(2) Доколку барањето со доставената документација за поставување на урбана опрема е некомплетно или неуредно, надлежниот сектор во администрацијата на Општина Кавадарци, го известува заинтересираниот субјект за истото и му определува рок од 5 дена во кој треба да го комплетира или уреди во целост. Доколку заинтересираниот субјект не постапи по известувањето во предвидениот рок, барањето се одбива со решение.

(3) Доколку од барањето со доставената документација за поставување на урбана опрема произлегува дека истото не е во согласност со одредбите на законите и прописитс донесени врз основа на закон и посебните стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци утврдени со актите на Општината, како и со одредбите на оваа одлука, надлежниот сектор во администрацијата на Општина Кавадарци, го известува заинтересираниот субјект за истото и му определува рок од 5 дена во кој треба барањето да го комплетира или уреди во целост. Доколку заинтересираниот субјект не постапи по известувањето во предвидениот рок, барањето се одбива со решение.

**Член 13**

(1) Доколку барањето со доставената документација се во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци утврдени со актите на Општината и со одредбите на оваа одлука, надлежниот сектор во администрацијата на Општина Кавадарци, ја утврдува висината на комуналната такса, согласно Законот за комуналните такси и до заинтересираниот субјект доставува пресметка.

(2) Пресметката од став 1 на овој член се изготвува во рок од 5 дена од денот на приемот на комилетираното барање и се известува заинтересираниот субјект дека е потребно истото да го плати во рок од 5 дена од денот на приемот.

(3) Доколку заинтересираниот субјект не сака да го прими решението, не ја плати комуналната такса или делумно ја илати комуналната такса во рокот од став 2 на овој член, ќе се смета дека го повлекол своето барање за добивање одобрение за поставување на урбана опрема и барањето ќе се одбие со решение.

**Член 14**

Издавањето на одобрение за поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема во функција на вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност надвор од деловен простор се издава во рамките на постапка за добивање на одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор.

**Член 15**

(1) По регулирањето на плаќањето на комуналната такса од член 13 на оваа одлука, Градоначалникот издава одобрение за поставување на урбана опрема во рок од 5 дена, согласно Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и на одобрението за поставување на урбана опрема („Сл. Весник на РМ„ бр. 36/2010) и заинтересираниот субјект се известува дека е потребно да го подигне одобрението за поставување на урбана опрема.
(2) Доколку заинтересираниот субјект не го подигне одобрението за поставување на урбана опрема во рок од 3 дена, истото му се доставува по пошта.

**Член 16**

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е издадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување, утврдено со акти на надлежни инспекции издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања, и тоа од:
- овластен градежен инспектор на Општина Кавадарци;
- комунален инспектор на Општина Кавадарци, во рамките на нивните законски овластувања, и
- други органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.
- при реализација на планови и програми, како и други надлежности на Општина Кавадарци ако имаат потреба од тоа, согласно член 4 став 2 на оваа одлука.

## III. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ НАДВОР ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

**Член 17**

(1) Постапка за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, може да покрене секое физичко или правно лице што има намера да врши угостителска, трговска или занаетчиска дејност надвор од деловен простор (во натамошниот текст: заинтересиран субјект), со поднесување барање (утврден формулар).

(2) Заинтересираниот субјект со барањето изјавува дека е согласен личните податоци наведени во барањето да се користат за потребите на Општина Кавадарци за спроведување на постапката како и дека е согласен сите известувања при спроведување на постапката да се вршат со испраќање на документи преку електронски средства наведени во барањето.

(3) Заинтересираниот субјект во барањето го наведува времетраењето за кое бара добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

(4) Заинтересираниот субјект може да поднесе ново барање за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор 30 дена пред истекот на времетраењето на постојното одобрение.

**Член 18**

За добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на Општина Кавадарци доколку е склучен договор во смисла на член 3 став 3 на оваа одлука.

**Член 19**

Барањето за вршење на дејност надвор од деловен простор воедно е и барање за оставување на комерцијално-угостителска урбана опрема.

**Член 20**

(1) Заинтересираниот субјект кон барањето за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема на јавна површина задолжително доставува:

1. Извод од соодветен регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект, не постар од 6 месеци.
2. Елаборат за поставување на урбана опрема со следната содржина:

- назив и седиштe на заинтересираниот субјект;

- регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорна проектантска куќа и одговорниот проектант;
- доказ дека се исполнети минимално техничките услови за вршење на дејноста;
- технички опис;
- извод од ДУП за предметниот локалитет или микро-локациски услови во размер 1:1000;
- детални цртежи со опис на постојната состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200);
- детални цртежи со опис на новата состојба и околниот простор со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура (ситуација 1:500 или 1:200, основи 1:200 или 1:100, пресеци 1:100 или 1:50 и детали 1:50 или 1:25);
- детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:100 или 1:50);
- детали на урбаната опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејност во размер (1:20 или 1:10)

(2) Заинтересираниот субјект кон барањето за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема на површина во приватна сопственост покрај прилозите од став 1 на овој член задолжително доставува и

- имотен лист за земјиштето (не постар од 6 месеци);
- копија од катастарски план;
- согласност од мнозинството сопственици на земјиштето (заверена на нотар);

**Член 21**

(1) Елаборатот од став (1) од овој член се доставува во три примероци, од кои по завршената постапка еден се враќа на заинтересираниот субјект. Сите детални цртежи од член 20 на оваа одлука треба да содржат приказ на регулациона линија, линија на градежна парцела, градежна линија и границите на катастарските парцели, приказ на постојните објекти кои се наоѓаат околу бараната површина, заедно со нивните влезови, излозите и други фасадни отвори, рампи и скали, како и велосипедските патеки, дрвјата, дрворедите, уличното осветлување, рекламните паноа, клупите, корпите за отпадоци, столбчињата, ПП апарати, хидрантите, електричните разводни табли и другите комунални уреди и објекти на комунална инфраструктура.

(2) Деталните цртежи со опис на новата состојба треба да ги содржат границите на површината на која се бара да се постави урбаната опрема и слободната проодна површина, како и пристапот за интервентни возила (пожарна, брза помош, полиција).

(3) Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат котирани и прецизно исцртани.

**Член 22**

(1) Постапката по барањето за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијано-угостителска урбана опрема во функција на вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност, ја спроведува надлежен сектор во администрацијата на Општина Кавадарци, согласно одредбите за спроведување на постапка за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема утврдена во членовите 12 и 13 од оваа одлука.

**Член 23**

(1) По регулирањето на плаќањето на комуналната такса од член 13 на оваа одлука, се издава одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и одобрение за поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема, во рок од 5 дена и заинтересираниот субјект се известува дека е потребно истите да ги подигне.

(2) Доколку заинтересираниот субјект не го подигне одобрението за поставување на урбана опрема во рок од 3 дена, истото му се доставува по пошта.

**Член 24**

Барањето за добивање на одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор и поставување на комерцијално-угостителска урбана опрема ќе биде одбиено со решение доколку:

• барањето од член 17 и документација од член 20 на оваа одлука се некомплетни или неуредени, во смисла и на начин утврден со член 12 став 2 на оваа одлука;
• елборатот од член 20 на оваа одлука не е изработен во согласност со одредбите на оваа одлука, законите и прописите донесени врз основа на закон, во смисла и на начин утврден со член 12 став 3 на оваа одлука не е платена комуналната такса од член 13 и во рокот определен во член 13 став 2 на оваа одлука.

**Член 25**

Одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор и одобрението за поставување на комерцијално - угостителска урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување, утврдено со акти на надлежни инспекции, издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања и тоа од:
- овластен градежен инспектор на општина Кавадарци;
- комунален инспектор на општина Кавадарци во рамките на нивните законски овластувања, и
- други органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.

- престане важењето на одобрението за вршење дејност надвор од деловен простор;
- имателот на одобрението престане со вршење на угостителска, трговска или занаетчиска дејност во случаите предвидени со Закон;

• настане промена на носителот на сопственоста на земјиштето за кое е издадено одобрение за вршење на дејност пред деловен простор, согласно член 4 став 4 на оваа одлука;

- Општина Кавадарци при реализација на планови и програми, како и други надлежности на општината, а имаат потреба од тоа, согласно член 6 став 2 на оваа одлука.

## IV. НАДЗОР

**Член 26**

(1) Надзор над примената на оваа одлука вршат надлежните сектори на Општина Кавадарци.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа одлука вршат овластените градежни инспектори па Општина Кавадарци и комунални инспектори на Оиштина Кавадарци, во рамките на нивните законски овластувања, како и другите органи и инспекциски служби во рамките на нивните надлежности и овластувања.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

(1) Правните лица, трговците поединци и физичките лица што имаат поставено урбана опрема, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 30 дена од денот на нејзиното влегување во сила.

(2) Доколку лицата од став (1) на овој член не го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рокот определен со став (1) на овој член, должни се површината што ја користеле веднаш да ја ослободат од поставената урбана опрема, а во спротивно истата ќе биде отстранета на нивен трошок.

(3) Постапките започнати пред влегување во сила на оваа одлука за кои не е издадено одобрение за поставување на урбана опрема или ќе продолжат согласно одредбите на оваа одлука.

**Член 28**

При спроведувањето на оваа одлука соодветно ќе се почитуваат и применуваат одредбите за надзор и прекршочни санкции од законите означени во основот на оваа одлука.

**Член 29**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана орпема бр. 08-2384/18 од 13.05.2019 год. ("Службен гласник на Општина Кавадарци" број 36/19).

**Член 30**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-1458/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.03.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за надоместоците за општински јавни патишта**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за надоместоците за општински јавни патишта, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.03.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15,а во врска со член 22 точка 4 од Законот за Локална Самоуправа (СЛ. Весник на РМ бр.5/2002), член 55 од Законот за Јавни патишта (Сл.весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15 и 31/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Службен Гласник на Општина Кавадарци,, бр. 08/05, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавни патишта**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавни патишта (Службен Гласник на Општина Кавадарци бр. 32/11, 52/12, 3/13, 43/16 и 6/18) се врши следната измена и дополнување:

Во член 2 после алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:
- „За реклами поставени на огради на мостови –60 ЕУР годишно во денарска противредност плус ДДВ до 4 $м^2$ и 100 ЕУР годишно во денарска противредност плус ДДВ до 8 $м^2$" .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-1458/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.03.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на пордачјето на град Кавадарци

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на пордачјето на град Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/29**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/02),а во врска со член 7 став 2 алинеа 8 и став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (, Сл.Весник на РМ,, бр.169/15, 226/15 и 55/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
### за изменување и дополнување на Одлука за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Кавадарци

**Член 1**

Во Одлука за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на град Кавадарци бр.08-5914/14 од 31.10.2018 година (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.24/18,43/19), се врши следната измена и дополнување :

член 10 се менува и гласи :
,,Спроведувањето на оваа Одлука го врши Секторот за комунални дејности, урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина, а инспекцискиот надзор ке го врши одделението за инспекциски надзор,,.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-1458/29**
**13.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/30**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весникна РМ ,,бр.5/02), а во врска со член 7 и член 348 од Законот за безбедност во сообракајот на патиштата (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 11/2018), член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр,5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005,14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр.07-4925/2 од 30.10.2014 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр. 08-5914/23 од 31.10.2018 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр.08-3610/5 од 14.11.2018 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци бр 08-728/20 од 11.02.2020 година (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр24/2014, 24/2018, 26/18, 51/20), се врши следната измена и дополнување:

I. Членот 9 –а СЕ МЕНУВА и гласи:

**,,Член 9-а**

На станарите кои се со постојано место на живеење во зона која што има ограничување на паркинг местата може да им се издаде станарска дозвола покрај првата подзона во која гравитираат, му е дозволена и за дополнителни подзони, и тоа:

-на станарите на бил.Моша Пијаде кои гравитираат во подзоната Ц(С)6 им се дозволува користење и на подзоната Ц(С)8,

-на станарите на бул.Никола Минчев кои гравитираат во подзоната Ц(С)2 им се дозволува користење и на подзоните Ц(С)8 и Ц(С)5,

-на станарите на ул.7-ми Септември кои гравитираат во подзоната А2 им се дозволува користење и на подзоната Б(В)11,

-на станарите на бул.Никола Минчев кои гравитираат во подзоната Ц(С)1 им се дозволува користење и на подзоната Ц(С)7,

-на станарите на ул,Кочон Рацин кои гравитираат во подзоната Ц(С)5 им се дозволува користење и на подзоната Ц(С)2,

-на станарите на бул.Македонија кои гравитираат во подзоната Ц(С)3 им се дозволува користење и на подзоната Ц(С)8 и Ц(С)7,

-на станарите на бул.Македонија со куќен број 36 (зградите зад ресторан Астрато) кои гравитираат во подзоната Ц(С)4 им се дозволува користење и на подзоните Ц(С)5 и Ц(С)2,

-на станарите на бул.Македонија со куќен број 7 покрај подзоната Ц(С)4 им се дозволува користење и на подзоните Ц(С)1.

-на станарите на ул.Цано Поп Ристов кои гравитираат во подзоната Б(В)10 им се дозволува користење и на подзоната Б(В)9,

-на станарите на ул.Илинденска кои гравитираат во подзоната Б(В)5 им се дозволува користење и на подзоните Б(В)6 и Б(В)9,

-на станарите на ул.Илинденска кои гравитираат во подзоната Б(В)6 им се дозволува користење и на подзоните Б(В)5 и Б(В)9,

-на станарите на ул.Вељко Влаховиќ со куќен број 4, 6 и 8 покрај подзоната Ц(С)7 им се дозволува користење и на подзоните Ц(С)1,

-на станарите на ул.Тиквешко востание кои гравитираат во подзоната А3 им се дозволува користење и на подзоните Б(В)2 и Б(В)3.,,

- **СЕ БРИШЕ член 9-д .**

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,, Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-1458/30**
**13.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за примање донација од Скај Ај Ентертејмент, донесена од Управен одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука за примање донација од Скај Ај Ентертејмент на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,,Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/31**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл.весник на РМ,, бр.38/96....35/2019), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлука со арх.бр.03-740/4 од 28.01.2020 година за примање донација**
**од Скај Ај Ентертејмент**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука со арх.бр.03-740/4 за примање донација од Скај Ај Ентертејмент, донесена од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ ,, Кавадарци, на седница одржана на ден 28.02.2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-1458/31**
**13.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на** Одлука за прифакање на проектот,,Флора и Фауна Еколошко искуство,, со акроним-Wild.Natu (,,Flora $fauna Enevironmental Experiences-Wild.Natu,,)

1. Се објавува Одлуката за прифакање на проектот,,Флора и Фауна Еколошко искуство,, со акроним-Wild.Natu (,,Flora $fauna Enevironmental Experiences-Wild.Natu,,),

донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/32** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.03.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за прифаќање на проектот “Флора и Фауна Еколошко искуство„ -со акроним-Wild.Natu („Flora & Fauna Environmental Experiences-Wild.Natu „)**

**Член 1**

Се прифаќа проектот „ Флора и Фауна Еколошко искуство**„ -Wild.Natu („Flora & Fauna Environmental Experiences-Wild.Natu„),** кој ќе се аплицира по ИПА - Програмата за погранична соработка со Р.Грција, Оска 1,Мерка 1.3-Подобрување на атрактивноста и промоција на туризмот во пограничната област за зајакнување на вработувањето во туризмот, во партнерство со

- општина Могила,
- Општинско претпријатие од Едеса и
- Управувачко тело на Ворас-Вермион-Паико.

**Член 2**

Проектот „ Флора и Фауна Еколошко искуство**„ -Wild.Natu („Flora & Fauna Environmental Experiences-Wild.Natu„)**, ќе се финансира со средства од Европската Унија во висина од 85% од вкупната вредност на проектот а 15% од вкупната вредност на проектот ќе биде финансиран од Републичкиот Буџет односно од Министерството за Локална самоуправа.

**Член 3**

Се задолжува општинската администрација да ги подготви и достави сите потребни документи неопходни за успешна реализација на проектот согласно законските рокови предвидени за изработка и издавање на истите.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр.08-1458/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.03.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за прифаќање на проектот,,Алтернативни правци и тематски искуства,, со акроним-АЛТЕ.ПАТЕКИ (,,Alternative Thematic Experiences Routes-Alte Routes,,)

1. Се објавува Одлуката за прифакање на проектот,,Алтернативни правци и тематски искуства,, с0 акроним-АЛТЕ.ПАТЕКИ (,,Alternative Thematic Experiences Routes-Alte Routes,,), донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.03.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за прифаќање на проектот “Алтернативни правци и тематски искуства„ -со акроним-АЛТЕ.ПАТЕКИ**
**(„Alternative Thematic Experience Routes-Alte Routes „)**

**Член 1**

Се прифаќа проектот „Алтернативни правци и тематски искуства**„ -АЛТЕ.ПАТЕКИ („Alternative Thematic Experience Routes-Alte Routes „),** кој ќе се аплицира по ИПА - Програмата за погранична соработка со Р.Грција, Оска 1,Мерка 1.3-Подобрување на атрактивноста и промоција на туризмот во пограничната област за зајакнување на вработувањето во туризмот, во партнерство со

- општина Едеса- Р.Грција,

- Заедничко претпријатие за услуги на општина Неаполис-Сикиес и
- општина Охрид.

**Член 2**

Проектот „Алтернативни правци и тематски искуства**„ -АЛТЕ.ПАТЕКИ („Alternative Thematic Experience Routes-Alte Routes „)**, ќе се финансира со средства од Европската Унија во висина од 85% од вкупната вредност на проектот а 15% од вкупната вредност на проектот ќе биде финансиран од Републичкиот Буџет односно од Министерството за Локална самоуправа.

**Член 3**

Се задолжува општинската администрација да ги подготви и достави сите потребни документи неопходни за успешна реализација на проектот согласно законските рокови предвидени за изработка и издавање на истите.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр.08-1458/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.03.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за кофинансирање на Проектот,,Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колектроски систем,,

1. Се објавува Одлуката за кофинансирање на Проектот,,Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колектроски систем,,донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/34**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

За кофинансирање на Проектот
"Изработка на проектна документација за реконструкција на извори, водоводна и фекална мрежа со колекторски систем,,

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства за учество на Општина Кавадарци во проектот "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори,водоводна и фекална мрежа со колекторски систем".

Со проектот се предвидува изработка на проектно техничка документација за водоводна и канализациона мрежа со колекторски систем и реконструкција на каптажите во населба Моклиште.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот "Изработка на проектна документација за реконструкција на извори,водоводна и фекална мрежа со колекторски систем" е во износ од 33 000 УСД или 1 815 000 денари.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2, во износ од 1 650 000 денари ке се обезбедат оd УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) кои го имлементираат проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти", а општина Кавадарци ќе обезбеди дополнителни средства за кофинансирање на овој проект во висина од 165 000 денари, кои ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2020 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр.08-1458/34**
**13.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за кофинансирање на Проектот,, Регулација и уредување на речното корито на река Луда Мара – I фаза,,

1. Се објавува Одлуката за кофинансирање на Проектот,, Регулација и уредување на речното корито на река Луда Мара – I фаза,,донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/35**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за кофинансирање на Проектот**
**“Регулација и уредување на речно корито на река Луда Мара I-фаза,,**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства за учество на Општина Кавадарци во проектот “Регулација и уредување на речно корито на река Луда Мара I-фаза”. Со Проектот се предвидува регулација и уредување на речното корито на река Луда Мара како фаза I.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот “Регулација и уредување на речно корито на река Луда Мара I-фаза” е во износ 1 796 550,00 денари со вкалкулиран ДДВ.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2, во износ од 1. 795. 550 денари ке се обезбедат Министерството за животна средина и просторно планирање -Програма за управување со водите за 2020 година, а општина Кавадарци ќе обезбеди дополнителни средства за кофинансирање на овој проект во висина од 467 103 денари или 26% од вкупната вредност на проектот, кои ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2020 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на општина Кавадарци,,.

**Бр.08-1458/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.03.2020 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука определување на приоритетен Проект за замена на стари куќни водомери со нови повеќемлазни водомери комплет со (KCLIP ON), радио модули како и замена на стари водомери со нови ултразвучни водомери со набавка и инсталација на опрема за далечинско отчитување за потребите наЈП,,Комуналец,, Кавадарци

1. Се објавува Одлуката за определување на приоритетен Проект за замена на стари куќни водомери со нови повеќемлазни водомери комплет со (KCLIP ON), радио модули како и замена на стари водомери со нови ултразвучни водомери со набавка и инсталација на опрема за далечинско отчитување за потребите наЈП,,Комуналец,, Кавадарцидонесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/36**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за определување на приоритетен Проект за замена на стари куќни водомери со нови повеќемлазни водомери комплет со (KCLIP ON), радио модули како и замена на стари водомери со нови ултразвучни водомери со набавка и инсталација на опрема за далечинско отчитување за потребите наЈП,,Комуналец,, Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одредува Проектот за замена на стари куќни водомери со нови повеќемлазни водомери комплет со (KCLIP ON), радио модули како и замена на стари водомери со нови ултразвучни водомери со набавка и инсталација на опрема за далечинско отчитување за потребите наЈП,,Комуналец,, Кавадарци, за приоритетен проект на Општина Кавадарци за аплицирање по проектот ,,Водоснабдување и одведување на оптадни води,, кој го спроведува Министерството за транспрт и врски.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот за замена на стари куќни водомери со нови повеќемлазни водомери комплет со (KCLIP ON), радио модули како и замена на стари водомери со нови ултразвучни водомери со набавка и инсталација на опрема за далечинско отчитување за потребите на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци е во износ од 106.824.827 денари со вкалкулиран ддв.

**Член 3**

Проектот опфаќа замена на стари куќни водомери со нови повеќемлазни водомери комплет со (KCLIP ON), радио модули како и замена на стари водомери со нови ултразвучни водомери со набавка и инсталација на опрема за далечинско отчитување.

**Член 4**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе активностите потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр.08-1458/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.03.2020 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука определување на приоритетен Проект и кофинансирање за енергетска ефикасност во СО ЗШУ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци

1. Се објавува Одлуката определување на приоритетен Проект и кофинансирање за енергетска ефикасност во СО ЗШУ,,Ѓорче Петров,, Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/37** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.03.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доискористување на финансиски средства од проектот ,,Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СОЗШУ,,Ѓорче Петров” Кавадарци**

**Член 1**

Општина Кавадарци дава согласност за доискористување на финансиските средства од проектот,,Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СОЗШУ,,Ѓорче Петров” Кавадарци, по основ на Договор за грант бр. 14-3119/9 од 27.09.2019 склучен помеѓу општина Кавадарци и Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги-УНОПС.

**Член 2**

Финансиските средства ќе бидат наменети за реализација на проект за Лед осветлување на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци.

**Член 3**

Финансиските средства за реализација на проектот од член 2 се во висина од 1.439.640 денари без вкалкулиран ддв, или 1.698.775 денари со вкалкулиран ддв.

**Член 4**

Во случај на надминување на расположливите финансиски средства по договорот, истите ке бидат обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци до висината на Проектот, за што ке се донесе посебна одлука.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр.08-1458/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.03.2020 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за примање на противпожарна опрема –хидроуличен уред за спасување во сообраќајни несреќи и давање на ТППЕ Кавадарци

1. Се објавува Одлуката за примање на противпожарна опрема –хидроуличен уред за спасување во сообраќајни несреќи и давање на ТППЕ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-1811/38** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.03.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а во врска со член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(,,Сл.весник на РМ,, бр.78/15...101/19 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.08/05,14/10, 24/10, 38/19) ,

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## за примање на противпожарна опрема –хидроуличен уред за спасување во сообраќајни несреќи и давање на ТППЕ Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Кавадарци – Локална Самоуправа прима од Дирекција за заштита и спасување,

противпожарна опрема –хидроуличен уред за спасување во сообраќајни несреќи и HOLMATORO, со номенклатурен број 3905-0000-1858-2.

### Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука, Општина Кавадарци – Локална Самоуправа ја прима од Дирекција за заштита и спасување, согласно Одлука на Влада на Република Северна Македонија за распоредување на набавената противпожарна опрема на општините Кавадарци, Битола, Штип, охрид, Прилеп и град Скопје бр.44-752/1 од 15.02.2020 година.

### Член 3

Градоначалникот на Општина Кавадарци и Директорот на Дирекција за заштита и спасување ке склучат договор со кој ке се уредат меѓусебните права и обврски.

### Член 4

Движната ствар од член 1 на оваа Одлука Општина Кавадарци ја дава на трајно користење без надомест на ТТПЕ Кавадарци, за што ке се потпише Записник за примопредавање.

### Член 5

Корисникот - ТТПЕ Кавадарци се обврзува по извршеното примопредавање на движната ствар од член 1 на оваа одлука, да и обезбеди соодветни услови за чување и осигурување на истата.

Корисникот - ТТПЕ Кавадарци се обврзува да обезбеди тековно сервисирање и одржување на истата.

Корисникот - ТТПЕ Кавадарци се обврзува дека движната ствар ке ја користи строго наменски.

### Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Кавадарци “

**Бр.08-1458/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.03.2020 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за примање за донација на материјално добро-течно гориво Друштво за производство, трговија и услуги ГАЛА, Гордана и Сашко ДОО Кавадарци

1. Се објавува Одлуката за примање за донација на материјално добро-течно гориво Друштво за производство, трговија и услуги ГАЛА, Гордана и Сашко ДОО Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/39**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а во врска со член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(,,Сл.весник на РМ,, бр.78/15...101/19 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.08/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација на материјално добро – течно гориво од Друштво за производство, трговија и услуги ГАЛА, Гордана и Сашко ДОО Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација течно гориво од страна на Давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ГАЛА, Гордана и Сашко ДОО Кавадарци,

за остварување на јавен интерес од областа на заштита на животната средина и развојот на граѓанското општество, за реализирање на проектот “За чисто и убаво Кавадарци”, чистење на Градот Кавадарци, чистење на речното корито, чистење на диви депонии.

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 19.851,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како прималел на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-1458/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.03.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за примање и давање на движни ставари на Библиотека,,Феткин,, Кавадарци

1. Се објавува Одлука за примање и давање на движни ставари на Библиотека,,Феткин,, Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/40** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**17.03.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а во врска со член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(Сл.весник на РМ

бр.78/15...101/19 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.Гласник бр.08/0514/10, 24/10, 38/19),

` Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека „Феткин“ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци – Локална Самоуправа прима на трајно користење без надомест движни ствари од Министерството за образование и наука , согласно Одлука на Влада на Република Северна Македонија за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на општина Кавадарци а за потребите на ЈОУ –Библиотека Феткин Кавадарци бр.44-692/1 од 10.02.2020 година и тоа :

| ред .бр | Наслов на книгата | Автор | ИСБН | Издавач | Бр.на примероци | Единечна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Компајлери: принципи, техники и алатки | Алфред В.Ахо | 978-608247357-4 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 1.769,00 |
| 2. | Обработка на говорниот јазик: водич натеоријата, алгоритмот и развојниот систем | Ксуедонг Хуанг | 978-608259044-8 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 1.375,00 |
| 3. | Црната книга на комунизмот: криминал, терор, репресија | Стефан Куртоа | 978-608259126-1 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 1.460,00 |
| 4. | Палгрејв Макмилан: речник на политичката мисла | Роџер Скрутон | 978-608247751-0 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 934,00 |
| 5. | Управно право | ВилијамВејд | 978-608259131-5 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 1.630,00 |
| 6. | Конкретна математика | Роналд Л.Грим | 978-608247757-2 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.298,00 |
| 7. | Еколошка органска хемија | Рене П. Шварценбах | 978-608259121-6 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.775,00 |
| 8. | А-лгоритми за планирање | Стивен М. Лавал | 978-608247752-7 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.497,00 |
| 9. | Енергетски системи и одржливост: моќностза одржпива иднина | Боб Еварт | 978-608247585-1 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.924,00 |
| 10. | Наука за материјалите и | Випијам Д. Калистер | 978-608247764-0 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 2.414,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | инженерство | | | | | |
| 11. | Податочно рударење | Ј. Хан | 978-608247763-3 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.466,00 |
| 12. | Програмски јазик C++ | Бјорн Страступ | 978-608247754-1 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.431,00 |
| 13. | Податочни структури и алгоритми во Јава | Роберт Лафор | 978-608247750-3 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.375,00 |
| 14. | Вовед во информациски системи | Р. Кели Рејнер Јуниор | 978-608259134-6 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.535,00 |
| 15. | Основи на комплексната анализа со примени во инженерството и науката | 'Н-Б. Саф | 978-608259052-3 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 900,00 |
| 16. | Обични диференцијални равенки и проблеми на гранични вредности | Ц.Хенри Едвардс | 978-608247760-2 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.751,00 |
| 17. | Нумеричка анализа | Ричард Л.Барден | 978-60247756-5 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.839,00 |
| 18. | Достигнувања во минерологијата при висок притисок | Еји Отани | 978-608259046-2 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 902,00 |
| 19. | Значењето на бракот | Р.П. Џорџ | 978-608229784-2 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 450,00 |
| 20. | Палгрејв Макмилан: речник на политичката мисла | Роџер Скрутон | 978-608247748-0 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 934,00 |
| 21. | Проучување на философијата на религијата | Дејвид Стјуарт | 978-608229984-6 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 990,00 |
| 22. | Раст, созревање и физичка активност | Роберт М. Малина | 978-608247761-9 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.459,00 |
| 23. | Управно право | ВилијамВејд | 978-608259058-5 | Арсламина | 2 (на албански јазик) | 1.628,00 |
| | | | | | | |
| 24. | Статистика и иррстината на материјапите за архитектура и гр ад е жништв о | Бери Оној | 978-608247590-5 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 844, 00 |
| 25. | Европска унија | Али М.Ел | 978-608247755-8 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 850,00 |
| 26. | Милерова анатомија на кучето | Хауард Еванс | 978-608247132-2 | Арсламина | 6 (македонски јазик) | 383,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27. | Природа и својства на почвите | Најл С.Брејди | 978-608247594-3 | Арслам ина | 6 (македонски јазик) | 2.670,00 |
| 28. | Историја на архитектурата | Спиро Костов | 978-608259055-4 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 1.300,00 |
| 29. | Архитектура | Френсис Д.К. Чинг | 978-608247762-6 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 911,00 |
| 30. | Вовед во меѓународна економија | Хенк Јагер | 978-608247599-8 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 876,00 |
| 31. | Курс за јавна економија | Џон Лиц | 978-608247601-8 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 425,00 |
| 32. | Развој на економијата | Дебора Реј | 978-608247749-7 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 1.625,00 |
| 33. | Котлер за маркетингот | Филип Котлер | 978-608247202-7 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 319,00 |
| 34. | Маркетинг на услуги | Кристофер Лавлок | 978-608247758-9 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 1.844,00 |
| 35. | Граѓанско право Том 1, Том 2 | Жан Карбоние | 978-608259128-5 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 4.588,00 |
| 36. | Општо казнено право | Жак Анри Робер | 978-608259053-0 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 383,00 |
| 37. | Хемија на храна | Х.Д. Белиц | 978-608247587-5 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 1.200,00 |
| 38. | Ветеринарна анатомија на домашните цицачи | ХорстЕрикс Конинг | 978-608247765-7 | Арслам ина | 2 (на албански јазик) | 2.695,00 |
| 39. | Применета биофармација и фармакокинетика | Леон Шаргел | 978-608466716<br>978-608466717 | Еуропар тнер | 6 (македонски јазик)<br>2 (на албански јазик) | 1.564,00 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука Општина Кавадарци ги дава на трајно користење без надомест на Јавната Општинска Установа Библиотека “Феткин “ Кавадарци.

**Член 3**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот да склучи Договор со Јавната Општинска Установа Библиотека „Феткин “ Кавадарци “ за примопредавање на движните ствари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр.08-1458/40**
**13.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Оперативен План за заштита и одбрана од поплави за подрачјето на Општина Кавадарци

1. Се објавува Оперативен План за заштита и одбрана од поплави за подрачјето на Општина Кавадарци, донесен на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 13.02.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-1811/41**
**17.03.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 126 став 1 точка 1 од Законот за води (,,Сл. Весник на РМ,, бр.. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12 и 23/13), член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 39-тата седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

# Оперативен план
# за заштита и одбрана од поплави

## 1. Вовед

Врз основа на член 126 став 1 точка 1 од Законот за води (Сл. весник на рм БР. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12 И 23/13), Секторот за урбанизам, градежништво, комунални дејности и заштита на животната средина изработи Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на Општина Кавадарци. Согласно член 126 став 3 од истиот закон, Советот на Општина Кавадарци донесува Опративен план за заштита и одбрана од полави на подрачјето на Општина Кавадарци, изработен по претходна соглсност од Центарот за

управување со кризи. Со Оперативниот план се предвидуваат превентивни, оперативни мерки и други дејства за заштита и одбрана од поплави и потребните средства за негово извршување, како и органот или субјектот што ќе раководи со заштита и одбрана од полави. Оперативниот план како документ има за цел да направи квалитативна и квантитативна анализа и сублимација на податоците за можните опасности и ризици, а врз основа на тоа да се организираат административни и стручни работи во врска со организацијата, подготовка и работа на субјектите во системот на управување со кризи.

Изложеноста на територијата на Општината на ризикот од поплави, предизивикани од излевање на природните водотеци, излевање на водата од брана „Тиквеш“ при појава на обилни и поројни дождови. Повеќе години наназад, укажува дека поголемите последици биле предизвикани од природни феномени, дејства на природните сили и активности на човекот. Покрај тоа сериозни влијанија предизвикуваат и последиците од економксата дејност и непочитување на мерките за заштита на природната и животната средина од производните процеси.

Подрачјето на Општина Кавадарци со своите специфични карактеристики, како што се: географска положба, климатски услови – суша, поројни дождови, град, силни ветрови, хидрографија – водотеци, социо – економски обележја, густина на населението, старосна структура, комуникации, животната средина, природни и културно историски богатства, присутноста на стопанските и индустриските капацитети, како и други останати елементи се предуслов за повторна појава на ризици и опасности кои се случувале во минатото, а кои очекувано е да се случуваат и во наредниот период (големи порои, поплави, излевање на реките и акумулациите „Тиквеш“ и езерото„Моклиште“).

Случувањата – искуствата од минатиот период укажуваат на фактот дека Општина Кавадарци, со своите специфични карактеристики, има средно подложен профил на ризици и опасности, кои пак со присуството и влијанието на актуелните и потенцијалните случувања денес, генерирани од различни извори на настани и појави (опасности), можат да предизвикаат големи штети на животот, здравјето, како и објектите и инфраструктурата.

## 2. Опис на подрачјето на Општина Кавадарци

**Геогравска положба и големина**

Општина Кавадарци е со добри геостратегиски карактеристики добра местоположба, поволни рејлефни карактеристики, комуникациска поврзаност со другите региони, добра и развиена инфраструктура и сл.

Подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа во централниот дел од Република Македонија, областа на Повардариeто и Тиквеш (Тиквешка котлина). Општина Кавадарци е поврзана со Општина Прилеп од Пелагонискиот регион, Општините Велес, Росоман, Демир Капија и Неготино од Вардарскиот регион и Општина Гевгелија од Струмичкиот регион.

Општина Кавадарци зафаќа рамничарски дел од тиквешката котлина, височрамнината Витачево, Вишешница, Кожув планина и тиквешкиот дел од областа Мариово. Градот Кавадарци е најголемо населено место и се наоѓа во рамничарскиот дел на надморска висина од 230 до 270 мнв. Подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа на 41° 26′ 0″ N, 22° 0′ 0″ E геогравска ширина и должина. Подрачјето на општината зафаќа површина од 992,44 $km^2$. Густина на населеност 39,04 жители на / $km^2$. Геогравски подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа од двете страни на река Црна, Раец, Бошавица и Луда мара, височрамнината Витачево и на југ планината Кожуф.

**Релјефни карактеристики**

Подрачјето на Општина Кавадарци се карактеризира со сложена геотектоника од што произлегува развиен рејлеф, комплексна геолошка структура на почвата, разноликост на почвата и богата биолошка разновидност создадена под влијание на геолошката структура, движењето во земјината внатрешност и надворешното влијание од сонце, врнежи, ветер, мраз со последици за ерозија на површината и промена на рејлевните облици.

Во геолошката градба застапени се карпи од најстариот геолошки период до денес кои се настанати од многу активни тектонски процеси каде доминираат издигнати и расфрлани форми (квартни, седиментни, езерски, глацијални, делувијални и алувијални карпи.

Рејлефната структура е разновидна, застапени се планини, котлини, висорамнини, долини, тесни клисури и други рејлефни форми.

-Рамничарско-котлински дел до 500 мнв

-Ридско планински дел-висорамнина Витачево до 1000 мнв

-Планински над 1000 мнв-планина Кожуф со највисоки врвови -Дудица 2132 мнв и Зелен брег 2165 мнв.

Рамничарскиот дел се наоѓа околу реките Црна, Раец и Луда мара и зафаќа 19,6 % од подрачјето, падинскиот дел го зафаќа реонот на Љубаш, Клепа, Раштани и др. и зафаќа површина од 10,6% од подрачјето и висорамничарскиот и планинскиот дел висорамнина Витачево и ридско планинскиот дел зафаќа 69,8 % од подрачјето на општината.

**Пошуменост и друга вегетациска покриеност**

Подрачјето на Општина Кавадарци е релативно добро пошумено, застапени се поголем број на видови на шума (даб, бука, бел и црн бор, габер, бреза, ела и други видови. Исто така застапена е и друга вегетација (овошни и лозови насади и др.) Вкупната површина со уредени шуми во државна сопственост е 65 414,42 ha од кои на обраснати површини припаѓаат 48 571,82 ha а останатата површина од 16 842,60 ha се пасишта. Со површините под шуми во државна сопственост на подрачјето на Општината стопанисува ЈП Македонски шуми-подружница БОР Кавадарции истите се поделени во 11 шумско единици.

Исто така на подрачјата на месните заедници од ридско планинскиот дел постојат површини со шуми во приватна сопственост на населението. Површините под шуми, овошни и лозови насади како и другата присутна вегетација придонесува подрачјето на општината вегетациски да е добро покриено.

**Основни карактеристики на земјиштето**

Во геолошката градба застапени се карпи од најстариот геолошки период до денес кои се настанати од многу активни тектонски процеси каде доминираат издигнати и расфрлани форми (квартни, седиментни, езерски, глацијални, делувијални и алувијални карпи). Морфолошката структура на почвата е следна: еродирана и ридеста 50%, смолница 20 % и 30% обработлива.

Најзастапени почвени типови на подрачјето на општината се: Алувијални, делувијални, алувијално-делувијални, еродирани, скелетни, смолници, варовнички, кафеава почва и др. Поедини делови од земјиштето се трусни и ерозивни.

**Климатски услови**

Во рамничарскиот и падинскиот дел доаѓа до судир помеѓу двете различни климатски влијанија и се создава модифицирана медитеранска клима. Во ридско планинскиот дел поголемо влијание има планинската и континенталната клима.

Температурата на воздухот е климатски фактор кој ги дава основните карактеристики на климатските услови. Средно годишната температура на воздухот во општина Кавадарци изнесува 13,6 °C, најтопол месец во годината е Јули со средна месечна температура од 24,7 °C, а најладен месец е Јануари со средна месечна температура од 1,5°C. Средната годишна максимална температура е –7,9 °C а апсолутната годишна максимална температура е 41,8 °C а апсолутната годишна минимална температура е – 23 степени. Среднио годишен број на летни денови со температура над 25°C изнесува 126 дена. Средниот годишен број на тропски денови температура над 30 степени изнесува 68 дена а средниот годишен број на мразни денови со температура пониска од нула изнесува 65 дена. На подрачјето на општината честа е појавата на рани есенски и касни пролетни мразеви.

Средната годишна количина на врнежи изнесува 461 $l/m^2$ со граници од 280 до 695 mm. Просечното количество на врнежи е 490 mm. Врнежите имаат големо влијание врз земјоделската вегетација и водниот баланс. Најсушен месец во годината е Август со 25,2 mm а највлажен месец во годината е Ноември со 55,8 mm просечно годишно врнежливи денови се 96 во граници од 63 до 112 mm. На подрачјето на општината почесто има појава на град од

месец Април до месец Октомври а најмногу паѓа во месеците Април и Мај. Средно годишната влажност на воздухот изнесува 68 %, максимална влажност е 80% и тоа во месец Декември а минималната влажност на воздухот е 30 % во месец Јули. Средната годишна облачност изнесува 4,7 десетинки, со максимум од 6,7 во месец Јануари и минимум од 2,1 десетинки во месец Август. Средно годишното траење на сончевиот зрак изнесува 2.426 часови. Просечен број на ведри денови се 130 .

На подрачјето на општината претежно се јавуваат вардарецот од северен правец со максимална брзина од 30 m/s односно со 85,8 km/h и југот со максимална брзина од 22,5 m/s односно со 62,3 km/h. Климата и климатските фактори имаат големо влијание на изложеноста на ризици од природни несреќи и катастрофи кои можат да предизвикаат посериозни последици по животот на луѓето, материјалните и природните богатства. Посебно влијание имаат климатските промени и глобалното затоплување.

**Хидрогравска мрежа, вид и количина на атмосверски и други води**

Подрачјето на општината располага со задоволителни водени ресурси подземни, површински и атмосверски. Хидрогравската мрежа ја сочинуваат реките, езерата и каналската мрежа. Позначајни реки кои располагаат со поголем воден потенцијал се Црна река ,Бошавица, Раечка, Дошница и Луда Мара и истите припаѓаат на сливното подрачје на река Вардар. Покрај овие поголеми реки постојат и помали реки кои имаат воден потенцијал во текот на целата година и тоа: Радњанска, Бохулска, Ништаица, Стара река, Жарница, Мрежичка, Прашн-ничка, Мајданска, Дабов дол, Блашница, Сушица, Драчевска, Каменица, Дреновица, Праведничка, Дабнишка, Радобилска и др.

Исто така постојат поголем број на доловии суводолици кои располагаат со воден потенцијал во текот на целата година или повремено.

За снабдување на населенитето каптирани се повеќе извори со поголем капацитет а најзначаен извор е Лукар (Косматец 1 и Косматец 2 и захватот Стара река) кој се наоѓа на планината Кожуф. Хидролошките карактеристики се поволни поради обилните врнежи од дожд и снег и поголем број на извори кои располагаат со воден потенцијал во текот на целата година.

На подрачјето на општината изградено е едно од поголемите вештачки езера на акумулацијата Тиквеш со вкупен капацитет од 475 милиони $m^3$ вода.и помали акумулации како што се брана Моклиште, акумулација Витачево и акумулација Ржаново. Во 1957 година со рушење и лизгање на околните ридови создадена е природната акумулација градот место Моклиште со вкупен капацитет од 300 000 $m^3$ .

Во населените места и градот изградени се голем број на бунари за вода, артериски бунари и природни чешми кои се користат за снабдување на населението со вода за пиење. За развиената хидрогравска мрежа придонесува и изградената и распространета каналска мрежа (магистрални во должина од 167 km и локални канали). Исто така изграден е канал систем Бошава (затворен во должина од 40 km). За подобрување на хидролошките состојби и карактеристики значајни се регионалниот водовод Лукар во должина од 32 km и развиената водоводна мрежа во градот и населените места со должина од 153 290 m/L, со годишна дистрибуција на вода 7 200 000 m3 за населението и новиот водовод од Бунарска река во должина од 9 km со капацитет од 200 l/sek.

Од особенио значење се изворите за производство на газирана и негазирана минерална вода Горска Конопиште годишна испорака на 30 000 000 литри вода и Кожувчанка с.Мрежичко од кои во кризни ситуации може да се обезбеди вода за пиење за населението во загрозеното подрачје.

**Потенцијални извори на загрозување – опасности од поплави, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на подрачјето на општината Кавадарци**

Подрачјето на општината Кавадарци може да биде загрозено од:

- поплава од излевање на реките
- поплава од излевање на порои, долови и др.

- поплава од оштетување, рушење или прелевање на браната на акумулацијата „Тиквеш“ и акумулацијата Моклиште „Градот“.

Браната на акумулацијата „Тиквеш“ е изградена во 1968 година, а реновирана во 1982 година. Таа е камено насипна со глинено јадро. Минимална кота 233 мнв, должина на акумулацијата 28,5 km, површина на акумулацијата 883 ха, со капацитет од 475 000 000 $m^3$ вода.

При целосно оштетување на браната на акумулацијата „Тиквеш“ поплавниот бран би бил со висина од 48 м и би пристигнал во село Возарци за 2 минути а во село Шивец поплавниот бран со висина од 41 м би пристигнал за 7 минути.

Потенцијални извори за настанување на поплави се следните: обилните врнежи на дожд , нагло топење на снег, излевањето на водите од коритата на реките и пороите, неисчистените речни корита и одводни канали, оштетување на заштитните појаси-насипи на реките како и оштетување и прелевање на браната на акумулацијата Тиквеш и браната на акумулацијата Моклиште „Градот“. Опасност од поплава може да предизвикаат реките Бошавица, Луда Мара, Црна река, Овчка река, Раечка река како и порои, долови и суводолици.

Подрачјето на општина Кавадарци е загрозено од поплави во пролетните и летните месеци од Март до Април кога доаѓа до зголемување на температурите и топење на снеговите од планинските масиви. На опасноста од поплавување загрозени се атарите на селата Конопиште, Долна Бошава, Крњево, Возарци, Шивец, Ваташа, Глишиќ, Марена и Сопот. Во градот Кавадарци загрозен е делот по течението на река Луда Мара.

Во наредните слики се прикажани сливните подраќја на градот Кавадарци, течението на река Луда Мара и неговите суводолици како и околните села на општина Кавадарци.




На сликата се обележани суводолиците околу градот Кавадарци




Топографска и хидрографска карта на општина Кавадарци како и течението на река Луда мара и Црна Река.



Релјефна структура на подрачјето на општина Кавадарци како и Моклишко езеро.

**Подрачја кој би можеле да бидат зафатени од поплави**

Подрачјето на општина Кавадарци од поплави е загрозено од реките Бошавица, Раечка Река, Овчка Река, Луда Мара и Црна река кои во најголем дел од својот тек поминуваат низ рамничарски предел со благ пад на речното корито. При пообилни врнежи и топење на снег реките се карактеризираат со поголема водна енергија која дополнително може да предизвика и опасност од ерозија.

Од река Бошавица на опасност од поплави изложени се атарите на селата: Конопиште, Долна Бошава и Крњево, регионалниот пат Крњево-Мушов гроб и 3 мостови, од Овчка река на опасност од поплави изложен е атарот на село Марена, од река Луда мара од брана Моклиште до село Сопот на опасност од поплави изложени се атарите на селата Ваташа, градот Кавадарци - делот покрај реката, Глишиќ, Марена и Сопот, Регионални патишта Кавадарци – Мушов гроб и Кавадарци – Неготино и 9 мостови, од Црна река на опасност од поплави изложени се атарите на селата Возарци, Дреново и Шивец, регионален пат Кавадарци-мотел Дреново и 3 мостови, од Раечка Река загрозени се атарите на селата Раец и Дреново.

При оштетување и прелевање на браната на акумулацијата Тиквеш изложено е подрачјето на селата Дреново, Возарци, Шивец објекти, инфраструктура, населението, стока и земјоделско земјиште околу 21 $km^2$. Од поројните води загрозени се објектите во близина на поголемите долови кои водат кон градот Кавадарци и с. Ваташа кои се влеваат во течението на река Луда Мара и го зголемуваат нејзиниот водостој и нејзино излевање.

**Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара**

| Ред бр | Дол или поројница | Површина и должина на долот | Загрозеност | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Објекти | Инфраструктура | Земјиште |
| 1 | Безимен дол кај Ваташа (бел камен) | Fсл. = 45.0 ха<br>L = 370.0 m | 5 | 1 улица | 0,1 ха |
| 2 | Желков дол | Fсл. = 89.0 ха<br>L = 1500.0 m | 10 | 2 улици<br>1 мост | 0,2 ха |
| 3 | Кавадаречки дол | Fсл. = 121.0 ха<br>L = 2500.0 m | 10 | 2 улици<br>Подземниот одвод | 0,2 ха |
| 4 | Меснос „УШИ“<br>Меснос „Вршникот“ | Fсл. = 162.0 ха<br>L = 4100.0 m | 15 | 1 улица | 0,3 ха |
| 5 | Журов дол | Fсл. = 61.0 ха<br>L = 760.0 m | 3 | | 0,2 ха |
| 6 | Калнички дол | Fсл. = 134.0 ха<br>L = 840.0 m | 10 | 1 улица | 0,2 ха |
| 7 | Димков дол | Fсл. = 59.0 ха | / | / | 0,2 ха |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | L = 2110.0 m | | | |
| 8 | Дисански пат | Fсл. = 64.0 ха<br>L = 2400.0 m | / | / | 0,1 ха |
| 9 | Думовички дол | Fсл. = 55.0 ха<br>L = 2800.0 m | 5 | 2 улици | 0,2 ха |
| 10 | Глишиќ | Fсл. = 9.0 ха<br>L = 1500.0 m | 5 | 2 улици | 0,1 ха |




**Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара**

Според извршената анализа за степенот на изложеност на создадените вредности и можната загрозеност на одредени објекти и инфраструктура кои се чувствителни на опасноста од поплава на подрачјето на општина Кавадарци состојбата е следна:

**Преглед на објекти и инфраструктура од подрачјето на општина Каваадрци кои можат да бидат изложени на опасноста од поплави**

| **Р.б** | **Тип на објекти** | **број** | **Инфраструктура** | **Број** | **Критични објекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стамбени објекти | 300 | Регионални патишта | 2 | Телекомуникациски водови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Деловни | 4 | Локални патишта | 2 | Далекувод од ХЕ Тиквеш до Прилеп |
| 3 | Образовни | 2 | Локални водоводи | 5 | Електро мрежа (локална) |
| 4 | | | Мостови | 14 | |
| 5 | | | Канал за наводнување | 2 | |

**Преглед на населени места, населби, земјиште, сточен фонд од подрачјето на општина Кавадарци кои се изложени на поплава**

| Ред. Бр. | Река-опсег на поплавата | Населено место | Објекти | Земјиште | Сточни грла |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Река Бошавица | -Конопиште<br>-Долна Бошава<br>-Крњево | 50<br><br>29 | 20 ха<br>23 ха<br>4,6 ха | 340 овци,82 говеда<br>250 овци<br>250 овци |
| 2 | Река Луда мара | -Ваташа<br>-Град Кавадарци<br>-Глишиќ<br>-Марена<br>-Сопот | 150<br>100<br>/<br>30<br>/ | 12 ха<br>25 ха<br>30 ха<br>20 ха<br>10 ха | 870 овци<br>340овци 82 говеда<br>/<br>524 овци<br>/ |
| 3 | Црна река | -Дреново<br>-Возарци<br>-Шивец | /<br>188<br>30 | 25 ха<br>35 ха<br>30 ха | 390 овци |
| 4 | Овчка река | -Марена | 30 | 20 ха | 524 овци |

**Преглед на населението и родова структура од подрачјето изложено на поплава**

| Ред. Бр. | Река-опсег на поплавата | Населено место | Вкупно население | Мажи | Жени | Изложено население |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Река Бошавица | -Конопиште<br>-Долна Бошава<br>-Крњево | 108<br>51<br>65 | | | 40<br>20<br>4 |
| 2 | Река Луда мара | -Ваташа<br>-Град Кавадарци<br>-Марена | 3120<br>28288<br>988 | 1603<br>14326<br>496 | 1517<br>13961<br>492 | 200<br>650<br>50 |
| 3 | Црна река | -Возарци<br>-Шивец | 884<br>120 | 475 | 409 | 884<br>120 |
| 4 | Овчка река | -Марена | 988 | 496 | 492 | 80 |

**Опасности од поплави по животот и здравјето на населението**

- Поплавите носат ризик од заразни болести, бидејќи често се поврзани со прекин во снабдувањето со вода и повлекување на отпадни материи, како и со излевања на канализациите.

- Оштетените водоводни и канализациски цевки ја зголемуваат можноста да се контаминира водата за пиење.

- Со загадената вода и храна се пренесуваат цревни и кожни заразни болести.

- Се зголемува бројот на глодари и змии за време на поплавите, што представува дополнителен ризик за здравјето.

- Големата стоечка водна површина овозможува размножување на комарците и другите инсекти кои се преносители на голем број заболувања.

- За време и по природните катастрофи, голема е опасноста од повреди. Опасност се срушените електрични инсталации, електричните прилучоци потопени во вода, големите парчиња на скршено стакло и други материјали кои може да нанесат повреди.

При досега случените поплави животот и здравјето на населението не било загрозено во поголем обем но сепак предизвикале одредени нарушувања на нормалниот живот,

последици по здравјето, материјалните добра на населението и населението губи дел од својот имот и со тоа во овие случаи губат дополнителни финансиски и материјални средства.

## 3. Мерки и активности за заштита и одбрана од поплави

**Превентивни мерки**

| Ред бр. | Превентивни мерки | Време на изведување | Извршител на задачите |
|---|---|---|---|
| 1 | Уредување и чистење на речните корита во урбаниот дел на градот и населените места | До септември | Општината<br>ЈП Комуналец |
| 2 | Уредување и чистење на речните корита надвор од урбаните делови на градот и населените места | Континуирано | АД Водостопанство на РМ подружница ТИКВЕШ Кавадарци |
| 3 | Чистење и одржување на одводни канали и атмосферска канализација | Континуирано | ЈП Комуналец |
| 4 | Чистење на нанос пред мостови по течението на речните корита | Редовно | ЕЛС на локално ниво Македонија пат секција Неготино на мостовите на регионалните патишта АД Водостопанство на целото течение на реката |
| 5 | Уредување на пороите и доловите | Редовно | ЕЛС<br>ЈП Комуналец |

**Преглед на стратегии, процени и планови за превенција, намалување и справување на ризикот од поплави во општина Кавадарци**

| Р. бр. | Назив на документот | Субјект | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Процена на загрозеност на подрачјето на општина Кавадарци од сите ризици и опасности | Совет на оптина Кавадарци | |
| 2 | Стратегија за води на РМ 2012-2042 | | |
| 3 | Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017 | | |
| 4 | Национална стратегија за заштита и спасување службен весник на РМ бр.23/09 | | |
| 5 | Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на мерките за заштита и спасување службен весник на РМ бр бр.76/2006 | | |
| 6 | Процени на загрозеност од приородни непогоди, епидемии,епизотии, епитофии и други несреќи и мерки за заштита и спасување | ЕЛС Кавадарци<br>Субјекти | |
| 7 | Планови за заштита и спасување од природни непогоди,епидемии,епизотии,епитафии и други несреќи | ЕЛС Кавадарци<br>Субјекти | |
| 8 | Генерален урбанистички план за дел од подрачјето на општина Кавадарци | ЕЛС Кавадарци | |
| 9 | Локален економски развој | ЕЛС | |

- Следењето на водотеците е една од мерките за превенција од поплави, со секојдневните мерења на водотеците со мерни инструменти се добива подетална слика на водотеците, нивниот интензитет на движење по годишни времиња и периоди. Со тоа би се

створила подобра слика на течението за неговиот интензитет и висина на водостојот, кои понатаму би користеле за изготвување на конкретни превентивни мерки за заштита од истото. Во нашата општина нема мерни места за мерење на водотеците на реките, мереше се врши само на висинската кота на браната на Тиквешко езеро.

- Уредувањето и чистењето на речните корита е исто така значајна превентивна мерка која би го намалила ризикот од излевање и предизвикување на штети. Самото уредување на речното корито се состои од тоа да по целото корито се израдат повеќе прегради кои ќе ја намалат брзината на водата. Исто така чистењето и редовното одржување на речното корито е значајна превентивна мерка, истото да се чисти од секаков вид на нанос или дрвја кои би го попречиле движењето на водата и нејзино излевање од коритото.

- Редовно чистење и одржување на одводните канали на подрачјето на општината.

- Мостовите кои се по течениjата на речните корита треба редовно да се чистат односно да се чисти насобраниот нанос и гранки околу нивните стопи за да би се овозможило непречено движење на водата во коритото. Овие наноси и гранки кои се собираат на стопите од мостовите се чест причинител за рушење или оштетување на мостовите.

- Уредувањето на поројниците е една од поважните превентивни мерки за заштита од поплави. Уредувањето на поројниците се состои во тоа што по должината на истиот се градат прагови и прегради кои ја намалуваат брзината на движење и ударната моч на водата која се собира во нив од обилните врнежи. При нивното уредување во долните делови односно пред нивното влевање во реките или во атмосверските канализации се градат и таложници кои ги прифаќаат сите крупни материи кои ги носи самиот порој (гранки, камен, земја и др.). Како уредувачка мерка на поројниците се и шумско мелиоративните мерки како пошумувањето на целото сливно подрачје односно поројница, со тоа количеството на вода кое би паднало на таа површина во голема мера ќе се впие во почвата а останатиот дел со многу мала брзина би се слевал по поројницата. Пошумувањето како мерка треба да се применува на сите потецијални ерозивни подрачја и голини. Како видови кои се испитани и најпогодни за такви терени а се и автохтони се следните: *Rubinia Pseudoakacia* – Багрем, *Salix Alba* - Врба, *Fraxsinus excelsior* – Јасен, *Ulmus Effusa* – Брест како и разни видови на грмушки кои успеваат на овие терени

- При изградба и реконструкција на хидроградежни објекти и ифраструктура доследна примена на прописите за урбанизам.

**Оперативни мерки**

Во справувањето и остранувањето на последиците од поплави, надлежните субјекти на локално ниво ги превземаат сите оперативни мерки за заштита од поплави као што се:

- Увид од надлежните на речните корита кои се зафатени од поплавите, проценка на загрозеност на подрачјето кое е зафатено и одредување на критични точки на кои треба првично да се интервенира.

- Организирање ан населението по урбани заедници, формирање на тимови за интервенирање и нивно опремување со неопходен алат за расчистување.

- Ангажирање и екипирање на сите Јавно предпријатија во надлежност на Општината Кавадарци со сета расположлива работна сила, алат и механизација.

- Ангажирање на сите трговски друштва со кои Општина Кавадарци има склучено договори за интервенирање во случај на поплави и дуги елементарни непогоди.

- Извлекување на загрозеното население од поплавените и загрозените објекти нивно згрижување и сместување во други простории доколку е тоа потребно (во соработка со црвениот крст на општина Кавадарци).

